ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА

Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А

ЗА РАБОТА НА **СОУ „КОСТА СУСИНОВ“** – РАДОВИШ

ЗА НАСТАВНАТА **2021 / 2022** ГОДИНА

| | |
|---|---|
| јули 2022 | директор |
| Радовиш | Миле Арсов |

## ВОВЕДЕН ДЕЛ

Годишната програма за работа на средното училиште „Коста Сусинов“ во Радовиш е изготвена врз основа на член 100, став 1, алинеја 2 од Законот за средното образование (Службен весник на РМ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008 и 92/2008) и член 94, став 1, алинеја 2 од Статутот на СОУ „Коста Сусинов“ - Радовиш.

Тргнувајќи од законските нормативи, Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021 / 22 година се темели на минатогодишните позитивни искуства и планираните задачи, активности и содржини од приоритетните цели на кои основи се планирани активности, содржини и начини за надминување на слабостите и продолжување на јаките страни.

Содржината на Годишната програма се темели на добиените тези од процесот на самоевалуација и ги опфаќа подрачјата од општата програмска структура.

Цел на програмата за работа за оваа учебна година е подобрување на условите и ефикасноста во работата преку организирање системи на планирање, реализација и следење на севкупната воспитно-образовна работа.

Тимот коишто раководи со воспитно-образовната работа во нашето училиште се сотои од:

- Миле Арсов, директор,
- Емилија Котева Ристова, училишен педагог,
- Виолета Србакова, училишен психолог.

Во изготвувањето на Годишната програма е вклучен тим составен од:

- Наташа Спасевска
- Валентина Ристова
- Славица Ѓоргиева
- Тина Вергова

Во изготвувањето на Извештајот од годишната програма е вклучен тим составен од:

- Верче Чапова
- Сања Маринковска
- Лидија Николовска

Со сите тимови и комисии раководи директорот на училиштето Миле Арсов.

директор,
Миле Арсов

На почетокот на учебната 2021/2022 година се запишани 512 ученици од кои 237 женски и 275 машки. На крајот на наставната година, 2021/2022 остануваат 483 ученика од кои 254 машки и 229 женски. Во текот на целата наставна година е присутно движење на учениците (придојдени, испишани, преминале во друго училиште и отстранети), на што се должи осипувањето т.е намалувањето на бројот на ученици. **Просекот на ниво на училиште на крајот на наставата за учебната 2021/2022 е добар 3,43.**

Во своето работење училиштето се водеше од:

- својата мисија и визија за воспитно – образовниот профил на ученикот;
- дефинираност и транспарентност на кодексот за правата и обврските на наставниците во рамките на училиштето;
- перманентно обучување и надоградување на наставниот кадар преку стручно усовршување;
- континуирано следење на развојот на ученикот во целокупниот тек на наставата низ сите аспекти на неговото ангажирање;
- ставање посебен акцент на воспитно – образовниот процес во училиштето;
- поголема објективност, правичност во следењето, вреднувањето и оценувањето на способностите и знаењата на учениците;
- посветување големо внимание на дидактичко – методската подготовка од страна на наставниот кадар за реализација на наставните планови и програми;
- отвореност на училиштето за соработка со родителите, не само преку Советот на родители туку и идивидуално;
- конкретизација на обемот и содржината на активностите што се остварени во рамките на целокупната програмска структура на воспитно-образовната дејност.

## МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ

Материјално-техничката опременост на кабинетите задоволува, бидејќи истите располагаат со доволно современи дидактички и нагледни средства за изведување на воспитно-образовната дејност.

Во текот на учебната 2021/2022 беа извршени повеќе набавки и тоа:

-лаптоп компјутери за наставниците и стручните соработници;

-нагледни средства за активите по математика, физика, биологија, хемија, електро и спорт;

-машина за садови;

-систем за евиденција на вработените;

-фотокопир;

-2 Мултифункционални принтери

## ВОСПИТНО ОБРАЗОВЕН КАДАР

Во учебната 2021/2022 година воспитно-образовната дејност во училиштето ја реализираат вкупно 64 наставници, од кои 59 реализираат теоретска настава, а 5 практично-теоретска настава во стручното образование. Од нив 58 наставници се во редовен работен однос, а 6 се на определено работно време.

Во воспитно-образовната дејност се вклучени и стручни соработници и тоа: психолог, педагог и библиотекари. Во правно-економската служба има еден правник и еден економист. Во втората смена има еден раководител на смена со 10 часа.

Образовната структура на кадарот кој ја изведува наставата потполно одговара на законските и програмските барања по сите наставни предмети.

Наставниците во текот на годината учествуваат на сите педагошки семинари на кои се разработуваат стручни методски прашања, што придонесуваат тие да бидат подготвени за внесување на иновации во наставата за унапредување на воспитно-образовната дејност.

Мото на наставникот: Оној кој се одлучил да подучува, не смее никогаш да се откаже од учење!

## ОБУКИ И СЕМИНАРИ

На 29 ноември во просториите на училиштето беше спроведена обука на тема Безбедност на работното место на која учествуваа сите наставници, педагошко-психолошката служба како и останатите вработени.

На 25 мај се одржа онлајн обука за електронско запишување на ученици во прва година со наслов „Електронски уписи на ученици во средни училишта“ којашто ја следеа наставник Наташа Спасевска, Нина Железарска, Даниела Ѓоргиева и класните раководители на паралелките од IV година.

**Индивидуални обуки и семинари:**

**Ленче Јованова**

-Учество на два вебинари организирани од страна на Македонското географско друштво одржани на 29 и 30 ноември 2021 на кои се обработуваа следниве теми: Херцеговина, дигитална настава во изуцување на географија, извори на социо-еконмски податоци и нивна примена во наставата, проширување на знаења за заштита на животна средина, природни убавини на националниот парк Шар Планина во функција на геотуризмот, заштита и самозаштита во случај на катастрофи

- Пролетен вебинар од Македонско Географско Друштво,одржан на 16.03.2022год. онлајн.

**Венка Тадирова**

-Учество на онлајн конференција за кариерни советници организирана од страна на Еврогајденс Чешка, NCGE - National Forum on Guidance 30.11.2021

-Учество на работилници во организација на Мировен корпус

Виртуелна работилница бр. 1: Настава насочена кон ученикот 2.12.2021

Виртуелна работилница бр. 2 Менаџирање на наставниот час на 21.12.2021

**Валентина Ристова**

**-** Учество на Global teachers' festival во период 14.02 - 25.02. 2022

- Учество на ELT Online Conference 04.03.2022, 05.03.2022

**Сузана Манасиева**

-Учество на работилница на тема Настава насочена кон учениците организирана од Мировен корпус на ден 21.12.2021г.

-Учество на Глобална недела на претприемништвото на тема: Биди Претприемач организирано од Универзитет Гоце Делчев Штип на ден 08,09 и10.11.2021г.

**Катерина Сусинова**

-25 јануари, 2022 – 11 март, 2022 – Државен Универзитет во Кент, Охајо, САД – Професионална обука “Fulbright Teaching Excellence and Achievement Program – Media Literacy Cohort”

-3 – 5 јуни, 2022 – Хотел “Сириус”, Струмица, С. Македонија –

Професионална обука “21$^{st}$ Century Skills in Teaching English” – English Access Microscholarship Program

**Василка Митева**
Учество на вебинари организирани од Едуино – БРО на тема:
- Како да се воведат Целите за одржлив развој во наставата – практични примери и активности - 4.11.2021
- Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени -10.11.2021
- Дизајнерско размислување (design thinking) како наставен метод за ученици од основно и предучилишно образование -17.11.2021
- Училишна клима и курикулум – Градење на училишна клима и култура + сесија за Развој и воведување на слободни изборни предмети и вонннаставни активности - 01.12.2021
- Мултидисциплинарна интеграција низ пример од предметот историја и општество - 09.12.2021
- Превенција на осипување (drop-out prevention) на ученици од образовниот процес - 15.12.2021

**Наташа Спасевска**
- Координатор во проект ACCESS со редовни часови како воннаставни активности
- Редовна соработка со Средношколската унија
-Подготовки за МАССУМ Образовното рандеву 2022 - редовни состаноци и соработка со надлежните
-Учество на работилница организирана од страна на Мировниот корпус на тема Настава насочена кон учениците
- Онлајн вебинар "Менаџирање на стресот за време на пандемија " - на 10ти март 2022, организиран од Мировен Корпус на САД;
- Онлајн ЕДУИНО вебинар "Вовед во наставни компетенции со технолошка поддршка на наставата", Мировен Корпус на САД во Р.Македонија, 25 мај 2022;
- Демократско работење на ученичките заедници, 29-31 март 2022 Велес, Фондација Конрад Аденауер и LEAD Лидери за едукација, активизам и развој;
- 3-5 јуни 2022 Струмица, ACCESS Teacher Training, организирана обука од RELO US Амбасада во Белград.

**Гоце Лазаров**
-Вовед во формативно оценување (вебинар)-мај
-Вовед во наставни компетенции и технолошка подршка на наставата (вебинар)-мај
-Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и обазование за возрасни (zoom)-мај
-Годишно собрание на Здружението на Електротехничките, машинските и сообраќајните средни стручни училишта – Струмица, април
-Дигитализација во стручното образование (zoom)-април
" Учи паметно, работи стручно" – Струмица, март

**Љупка Туџарова-Аврамова**
-Global Teachers' Festival 2022 - Advancing Learning Webinar
од 14ти – 25ти Февруари 2022

-English Language Teaching Online Conference
Oxford Professional Development Event – ELTOC March 2022 од 04-05 Март 2022
-EP SUMMIT 2022 – ELT TRAINING ROOMS од 25ти – 27ми Март 2022

**Маја Караманова Сулева**
-Сертификат за учество In recognition of the participation in the online workshop series for professional development Peace Corps North Macedonia Fall 2021 spring 2022
-Сертификат за стекнати знаења на едуино вебинарот ,,Вовед во формативно оценување" 10.05.2022
-Сертификат за стекнати знаења на едуино вебинарот ,,Вовед во педагошки пристапи кон инклузивно, дигитално и комбинирано учење за сите ученици" 17.05. 2022
-Сертификат за учество во обука за примена на театар на угнетените како алатка за креирање на безбеден простор за дискутирање на етноцентрични наративи,стереотипи, предрасуди и дискриминација, соочување и справување со минати трауматски искуства и иницирање на лични и социјални трансформации - 25-29 мај 2022

**Кирил Чапов**
Учество на:
- 15-17 декември 2021 година, Конференција: Jasenovac Past and Present: "History and Memory of Institutionalised Destruction" организатор: International Holocaust Remembrance Alliance.
- 14 декември 2021 година, работилница на тема: „Менаџирање на наставниот час“ Мировен корпус, Скопје.
- 18 ноември 2021 година, “Sharing European Histories Self-guided Course“ организатор: EuroClio-European Association of History Educators.
- 28 октомври 2021 година „19th Pan-European Conference on Digital Education“ Љубљана.
- 26 октомври 2021 година, vebinar: “Fragility of Democracy: Teachers as Changemakers" организатор: EuroClio-European Association of History Educators.

**Јовица Илиќ**
-Учество на обука на тема Документарен филм во наставата, организирана од страна на Македокс на 7ноември 2021
-Учество на обука на тема Спречување и борба против трговија со деца, одржана на 4 ноември 2021
-Учество на трибина на тема „Болести на зависност“ во склоп на проектот ACCESS, одржана на 23 ноември 2021

**Иванка Спасова**
Работилница организирана од Мировен корпус на тема: Разбирање на различностите кај учениците, 10ти февруари, онлајн

**Верче Чапова**
Учество на работилница бр. 2: Менаџирање на наставниот час, одржана на 21 декември онлајн, организирана од страна на Мировен корпус.

**Лили Георгиева**
27 јуни до 01 јули 2022 учество на семинар на тема ,,Изучување на францускиот јазик и култура од практичен аспект" Француски институт, Будимпешта.

## НАСТАВА - ВИДОВИ НАСТАВА

### *Организација на воспитно-образовната дејност во училиштето*

Теоретската настава се организира во гимназиското и стручното образование според соодветните наставни планови и програми, на македонски и турски наставен јазик.

Практичната настава се организира во геолошко-рударската и металуршката струка како и во електро-техничката струка. Од минатата година во нашето училиште е воведена машинска струка, а од оваа година учениците во прва година исто така ќе имаат можност да се запишат во градежно-геодетска струка. Од минатат година исто така наставата во геолошко-рударската и металуршка струка се реализира по принципот на дуално образование во соработка со фирмите Бучим и Боров дол.

Во геолошко-рударската и металуршката струка практичната настава е застапена со 34 часа и тоа во II година – 6 часа, III година – 6 часа и IV година – 5 часа и се реализира во просториите на училиштето. Исто така опремата од Училишната компанија (проект на УСАИД) се користи за потребите во наставата од металуршката струка.

Според планот за работа истата планира ги опфаќа сите ученици од геолошко-рударската и металуршка струка ангажирани според своите афинитети и вештини од металуршко-златарската дејност. Практичната настава во електротехничката струка е застапена со 5 часа во II година, 6 часа во III година и 4 часа во IV година. Истите имаат 10 дена феријална пракса во трета година.

Поради недостигот од просторни капацитети и големиот број на паралелките, работата во училиштето се одвива во две смени и тоа:

- прва смена со почеток во 7 :30 до 13:25 часот;
- втора смена со почеток во 13:30 до 19:25 часот;

Во една смена се изведува настава за учениците од втора и четврта година (16 паралелки), а во другата смена прва и трета година (15 паралелки).

Воспитно-образовната дејност во текот на оваа учебна година се реализира во вкупно 146 наставни денови.

Покрај редовната настава за учениците е организирана:

а) **додатна настава** за надарени и талентирани ученици кои побрзо напредуваат во совладувањето на програмските содржини со можност за забрзано напредување;

б) **консултативна настава** се организира за ученици кои напредуваат забрзано во усвојувањето на програмите и за ученици кои се стекнуваат со средно образование по вонреден пат.

в) **дополнителна настава** се организира за ученици кои од разни причини имаат потешкотии во совладувањето на програмските содржини.

Додатната и дополнителната настава се изведуваат според посебно изготвени програми од страна на предметните професори и реализацијата на истата е евидентирана во дневниците на паралелката.

Проектните и воннаставните активности, како и слободните часови на училиштето во стручното образование, се изведуват во термините, договорени помеѓу учениците и наставниците, по завршувањето на редовната настава.

На часовите на класните заедници од I до IV година се реализира програмата за животни вештини.

## Училишен научен саем

Секоја година манифестацијата Училишниот научен саем се одржува во дворот на нашето училиште и на истата учествуваат сите основни училишта и нашата гимназија. Оваа година училишниот научен саем кој воедно беше и отворен ден на нашето училиште се одржа на 26.05.2022 на кој беа добредојдени учениците од деветто одделение од сите основни училишта во нашата општина и општина Конче.

Нашите ученици имаа можност да ги претставaт четирите струки:

- Електро-техничка струка со 2 профили: електротехничар- енергетичар и електротехничар за компјутерска техника и автоматика;
- Геолошко-рударска и металуршка струка со 2 профили: рударски техничар и металуршки техничар;
- Машинска струка со 1 профил: машински техничар;
- Градежно-геодетска струка со 1 профил: градежен техничар.

Исто така и гимназиските паралелки од:

- Природно-математичкото подрачје,
- Општествено-хуманистичко подрачје, и
- Јазичното подрачје.

Во рамките на кампањата „Учи паметно, работи стручно'' за промоција на предностите и можностите кои ги нуди средното стручно образование, на овој отворен ден нашето училиште беше посетено од страна на заменик Министерот за образование и наука. Во текот на овој ден беа организирани многубројни креативни активности за подобро, забава и дружење.

## Прослава на патронен празник

На 28 април со свечено положување на цвеќе пред бистата на „Коста Сусинов“ во дворот на училиштето се одбележа прославувањето на патрониот празник. Свечената

академија и останатите активности планирани за прославување на патрониот празник не беа одржани поради генералниот штрајк на просветните работници за време не којшто наставниците од СОУ „Коста Сусинов“ кои се приклучија на истиот, беа на своите работни места, но не изведуваа настава.

### Родителски средби и презентација на нашето училиште за идните ученици

Оваа учебна година беа одржани 5 редовни родителски средби за учениците од I до IV година. Во текот на првото полугодие родителките средби беа одржани онлајн преку програмата за комуникација на далечина Microsoft Teams, а во второто полугодие двете последни родителските средби се одржаа со физичко присуство на рдителите.

Исто така во месец јуни беа реализирани презентации на нашето училиште пред основните училишта од нашата општина, а беше организиран и отворен ден на училиштето за полуматурантите од основните училишта.

### Училишна веб страна

Тековно беа ажурирани податоците на постоечката веб страна на училиштето каде се објавувани сите новости и информации во врска со работењето на училиштето со помош на наши ученици и под менторство на наставник Славица Атанасова.

### Хуманитарни акции

На 24.12.2021 учениците вклучени во проектот ACCESS проектот во пресрет на Божиќните празници ја реализираа хуманитарната акција „ПОДАРУВАМЕ СО ЉУБОВ”.

Под мотото “Be the change!” (Ти биди промената!) беше одбележан “World Kindness Day” (Светскиот ден на љубезноста), 13. Ноември, од страна на учениците од проектот „Access” при СОУ „Коста Сусинов”, Радовиш, преку хуманитарна акција – донација на облека во „Црвен Крст”, Радовиш.

## ОСТАНАТИ ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Наставниците од сите стручни активи организираа вонаставни активности поврзани со *Проектот за* мултиетничка *интеграција во образованието*.

Во учебната 2021/2022 исто така беа организирани повеќе воннаставни активности поврзани со програмата за имплементација на еколошката едукација во македонскиот образовен систем. Индивидуално, секој наставник во рамките на својата предметна годишна програма реализираше презентации, дискусии, предавања за време на своите часови.

Во месец септември беше направен систетмски преглед на сите вработени во просториите на училиштето.

Во месец октомври беше релизиран еднодневен излет до манастирот „Св. Георги“ с. Ораовица.

Во текот на првото полугодие во склоп на проектот „Младите за децата“ поддржан од Центарот за Човекови права и разрешување конфликти, УНИЦЕФ и Бирото за развој на образованието беа реализирани повеќе работилници со ученици од I до IV година.

На 1 октомври 2021 беше организирана трибина за доделување на дипломи на учениците и наставниците коишто добиле награди на натпревари како и на оние кои учествувале на општински, регионални, државни, интернационални и друг вид на натпервари.

На 24.12.2021 учениците вклучени во проектот ACCESS проектот во пресрет на Божиќните празници ја реализираа хуманитарната акција „ПОДАРУВАМЕ СО ЉУБОВ”.

Во месец февруари беа одржани неколку интерактивни работилници со учениците од Access проектот и ученици од основните училишта од нашата општина под менторство на наствник Наташа Спасевска и Нина Железарска.

По повод 1 март во просториите на училиштето беа изложени мартинки за продажба изработени од страна на децата со ПОП од Дневниот центар Порака.

На 21 март беше организирана Еколошка акција на младите за пресадување на стари и засадување на нови цвеќиња под менторство на наставник Славе Трајанов.

На 22 март беше одбележан Светскиот ден на водата, на којшто учениците спроведоа повеќе активности за разубавување на животната средина.

Во периодот од 29-31 март 2022 години, претставници на Средношколската унија при СОУ „Коста Сусинов” -Деница Трајанова, Симон Пранговски и Дарко Тодоров, сите од II година гимназиско образование, под менторство на наставник Наташа Спасевска, престојуваа во Собранието на РСМ во Скопје и хотел Романтик во Велес, поддржани од Фондација Конрад Аденауер и LEAD Лидери за едукација, активизам и развој. Нашите претсавници влегоа во потесниот круг на 7 училишта финалисти и освоија нграда т.н. Најгласни училишни заедници.

На 28 март во просториите на СОУ „Коста Сусинов”, Радовиш беше одбележан Меѓународниот ден на повеќејазичноста преку одржување на заедничка работилница со ученици од нашето средно училиште и ученици - претставници од основните училишта од општина Радовиш. Работилницата беше организирана и модерирана од страна на предметните наставници Нина Железарска, Верче Чапова и Лили Ѓоргиева

На 31 март од страна ученици од II година беше одржана презентација на тема Влијанието на храната врз здравјето под менторство на наставник Борче Алексов.

Во месец март исто така беше одржана презентација на тема „Глобална недела на парите“ на која учествуваа ученици од IV година.

На 01.04.2022 учениците од нашето училиште се приклучија на глобалниот тренд „Било што освен ранец“ (Anything But a Backpack) по повод први април – денот на шегата и го одбележаа овој ден на креативен и духовит начин пришто ги ноеа своит книги и училишен прибор во други предмети наместо во нивните шолски ранци.

На 06.04.2022 и 02.06.2022 група ученици од I и III година од СОУ „Коста Сусинов“ кои реализираат настава на македонски и турски наставен јазик беа на организирана посета на неколку значајни места во Скопје и Струмица како дел од активностите во склоп на проектот за Мултиетничка интеграција по менторство на наставник Славица Атанасов и Борче Алексов.

Во месец мај во нашето училиште исто така се одржа PISA тестирање во кое беа вклучени 35 ученици од I и II година по случаен избор. Одговорни наставници за спроведување на тестирањето во нашето училиште беа Даниела Ѓоргиева и Борче Алексов.

На 05.05.2022 се одбележа Денот на македонскиот јазик со доделување награди на добитниците на конкурсот на тема „Пораки кон иднината”. Литературниот конкурс беше објавен по повод патрониот празник на нашето училиште, и беше наменет за учениците од IX одделение од основните училишта во општина Радовиш.

На 06.05.2022 беше одбележан Меѓународниот ден на спортот на кој во нашето училиште се организираа спортски активности кои се изведуваа во заедничка соработка помеѓу нашите ученици и учениците од паралелките од IX одделение од основните училишта во општина Радовиш. Активностите беа реализирани под менторство на наставниците по спорт и спортски активности во „Коста Сусинов“.

На 25.05.2022 Младински совет на невладината организација „Нова Генерација“ реализираше промоција на можностите што ги нуди Еразмус+ програмата за млади пришто презентацијата ја водеше поранешен ученик од СОУ „Коста Сусинов” – Андреј Андонов, а истата ја следеа ученици од I до IV година.

На 06.05.2022 се одржа образовното рандеву МАССУМ на коешто учествуваа ученици од нашето училиште и се натпреваруваа во повеќе категории.

На 27.05.2022 учениците од СОУ „Коста Сусинов“ од металуршката струка беа на посета на Технолошко металуршки факултет Скопје на настанот „Технологијата спојува: образование-наука-индустрија“.

На 27.05.2022 6 ученика од нашето училиште СОУ „Коста Сусинов“, заедно со менторите Борче Алексов и Вера Ѓоргиева беа во посета на Националната галерија во Скопје на XIII М.П.Салон (Младински пролетен салон).

Редовно како и секоја година, во текот на наставната година беа реализирани симулација - вежби за евакуација при природни непогоди со сите ученици од училиштето.

На 12.08.2022 беше одржано свечено доделување на дипломите на учениците матуранти генерација 2018/2022.

Во месец декември учениците од СОУ „Коста Сусинов“ од Радовиш имаа можност да учествуваат во театарската претстава „Волшебникот и пријаталите“ којашто беше во продукција на ЦК „Ацо Караманов“ во Радовиш во соработка со Дневниот центар „Порака“ од Радовиш. Учениците од нашето училиште заедно со нивниот ментор, а воедно и драматург Катерина Диманова Јованова на претставата ги покажаа своите извонредни таленти и се здобија со едно незаменливо животно искуство.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ И АНГАЖИРАЊЕ НА СУБЈЕКТИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Организирањето и ангажирањето на сите субјекти во училиштето е во согласност со Законот за средно образование, другите законски и подзаконски акти. Во текот на оваа учебна година се настојува кон поактивен однос на класните заедници во следење на наставата по сите предмети и првовремено изнесување на состојбите и промените кои се забележуваат.

Во сите класни заедници се посочува важноста од почитувањето и придружувањето кон кодексот на правата и обврските на учениците во рамките на училишниот двор и надвор од него.

## ЕКСКУРЗИИ

Во годишната програма се предвидени ученички излети и екскурзии според програмата изготвена по упатствата за планирање и организирање на истите.

Ученици од СОУ „Коста Сусинов“ секоја година имаат можност да присуствуваат на еднодневен излет, есенски и пролетен ден до месноста Ораовичко манастирче.

За учениците од трета година во согласност на Советот на родители и УО секоја година се организира повеќедневна екскурзија која вообичаено се состои во посета на неколку атрактивни европски дестинации. Поради пандемијата на корона вирусот, оваа година екскуризјата за учениците од III година не се реализира.

## ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ

Во текот на месец септември беше реализиран лекарски систематски преглед на вработените во СОУ „Коста Сусинов“, а во месец ноември и декември беше реализиран лекарски систематски на учениците од I и IV година.

## ТРИБИНИ И ПРЕЗЕНТАЦИИ

На 30 септември беше организирана трибина во просториите на училиштето на која им беа доделни признанија на учениците коишто учествувале на натпревари и се здобиле со награди како и на наставниците кои биле ментори и ги подготвувале учниците за учество на натпревари по повеќе предмети. На истата трибина беа прогласени и учениците на годината и ученик на генерацијата 2017-2021.

На 23 ноември 2021 беше одржана трибина на тема „Болести на зависност“ во склоп на активностите од проектот ACCESS.

## СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на целата учебна година се вршеше систематско следење на резултатите од страна на директорот и стручната служба на училиштето.

Систематското следење на резултатите од учењето на учениците во текот на учебната 2021/2022 се реализираше во согласност со Законот за средното образование, Правилникот за начинот на следење, проверување, оценување, полагање на испити и напредување на учениците во средното училиште и Статутот на училиштето.

## ЛИСТА НА УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ НА НАТПРЕВАРИ ВО ПРВОТО И ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2021/ 2022

| НАСТАВНИК | НАТПРЕВАР/ МАНИФЕСТАЦИЈА | МЕСЕЦ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ | УЧЕСТВО ИЛИ НАГРАДА | ИМЕ НА УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ: |
|---|---|---|---|---|
| **Јовица Илиќ** | Конкурс за награда Караманов за ученици од основните и средните училишта од општина Радовиш | ноември 2021 | II награда во категорија средношколци | Катерина Панајотова II 3 |
| **Катерина Диманова-Јованова** | Натпревар за најдобар есеј во рамките на државниот натпревар по македонски јазик и литература за средно образование | декември 2021 Скопје | учество<br>учество | Виолета Василева<br>Ана Бибовска |
| **Жаклина Стоименова** | Регионален натпревар по хемија | 06.05.2022 Радовиш | пофалница<br>пофалница<br>пофалница<br>III место<br>пофалница<br>пофалница<br>учество | Матеа Димитриева<br>Памела Тасева<br>Тијана Темелкова<br>Гонце Ефтимова<br>Симона Долдурова<br>Филип Ташков<br>Ангелина Јованова |
| | Државен натпревар по хемија | 28.05.2022 Скопје | учество<br>учество<br>учество | Гонце Ефтимова<br>Симона Долдурова<br>Филип Ташков |
| **Ленче Јованова** | Општински натпревар по географија | 12.02.2022 online | I место<br>II место<br>III место<br>I место<br>II место | Матеа Димитриева I-1<br>Тијана Темелкова I-2<br>Памела Тасева I-2<br>Ивана Коцева II -2<br>Ана Коцева II -2 |
| | Регионален натпревар по географија | 25.03.2022 | I место<br>II место<br>III место<br>I место<br>II место | Матеа Димитриева I-1<br>Памела Тасева I-2<br>Тијана Темелкова I-2<br>Ивана Коцева II -2<br>Ана Коцева II -2 |
| | Државен натпревар по географија | 07.05.2022 ПМФ Скопје | пофалница<br>пофалница<br>пофалница | Матеа Димитриева I-1<br>Памела Тасева I-2<br>Ивана Коцева II -2 |
| **Славе Трајанов** | Општински натпревар по биологија | 07.02.2022 онлајн | I награда<br>III награда | Деница Трајанова<br>Филип Ташков |
| | Регионален натпревар по биологија | 26.03.2022 онлајн | II награда<br>пофалница | Деница Трајанова<br>Филип Ташков |
| | Државен натпревар по биологија | 14.05.2022 ПМФ Скопје | II награда<br>III награда | Деница Трајанова<br>Филип Ташков |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Љупка Туџарова-Аврамова** | Општински натпревар по англиски јазик | 19.03.2022<br>Струмица | II место<br>III место | Дарко Тодоров II-2<br>Зорица Ристова II-1 |
| | Регионален натпревар по англиски јазик | 07.05.2022<br>Гевгелија | I место<br>III место | Дарко Тодоров II-2<br>Зорица Ристова II-1 |
| | Државен натпревар по англиски јазик | 28.05.2022<br>Скопје | учество (5то место)<br>учество | Дарко Тодоров II-2<br>Зорица Ристова II-1 |
| **Катерина Донева** | Општински натпревар по математика | 19.02.2022 | II награда<br>III награда<br>пофалница | Костадинов Никола<br>Бибовска Ана<br>Ташков Филип |
| | Регионален натпревар по математика | 12.03.2022<br>Струмица | учество<br>учество | Бибовска Ана<br>Ташков Филип |
| **Маја Караманова-Сулева** | Општински натпревар по математика | 19.02.2022 | пофалница<br>пофалница | Матеа Димитриева<br>Тијана Темелкова |
| | Регионален натпревар по математика | 12.03.2022<br>Струмица | II награда<br>пофалница | Матеа Димитриева<br>Тијана Темелкова |
| | Државен натпревар по математика | ПМФ Скопје | учество<br>учество | Матеа Димитриева<br>Тијана Темелкова |
| **Билјана Ристова** | Општински натпревар по математика | 19.02.2022 | II награда<br>III награда<br>III награда<br>пофалница | Симон Пранговски<br>Зорица Ристова<br>Михаела Тадирова<br>Сандра Андонова |
| | Регионален натпревар по математика | 12.03.2022<br>Струмица | учество<br>учество<br>пофалница<br>учество | Симон Пранговски<br>Зорица Ристова<br>Михаела Тадирова<br>Сандра Андонова |
| | Државен натпревар по математика | ПМФ Скопје | учество | Михаела Тадирова |
| **Валентина Ристова** | Општински натпревар по англиски јазик | 19.03.2022<br>Струмица | III награда<br>III награда | Валентино Тракалинов<br>Петар Тасев |
| | Регионален натпревар по англиски јазик | 07.05.2022<br>Гевгелија | III награда<br>учество | Валентино Тракалинов<br>Петар Тасев |
| | Државен натпревар по англиски јазик | 28.05.2022<br>Скопје | учество | Валентино Тракалинов |
| **Лидија Николовска** | Општински натпревар по англиски јазик | 19.03.2022<br>Струмица | I награда<br>I награда | Сара Серафимовска<br>Стефан Петрушев |
| | Регионален натпревар по англиски јазик | 07.05.2022<br>Гевгелија | II награда<br>II награда | Сара Серафимовска<br>Стефан Петрушев |
| | Државен натпревар по англиски јазик | 28.05.2022<br>Скопје | учество<br>учество | Сара Серафимовска<br>Стефан Петрушев |
| **Верче Чапова** | Интернационален онлајн натпревар за странски јазици Willkommen | 13 и 14 ноември, онјалн | III место<br>во втор круг | Ана Коцева II 2 |
| **Дејан Милчевски Сашо Ристов Борче Алексов** | Регионален натпревар по стручни предмети од електротехничка струка | 26.02.2022<br>Кавадарци | учество | Лео Тренчев III 8 |
| | Државен натпревар по стручни предмети од електротехничка струка | 06.05.2022<br>Велес | пофалница | Лео Тренчев III 8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Славица Атанасова** | Регионален натпревар по информтика | 05.03.2022 Струмица | III награда | Никола Костадинов |
| | Државен натпревар по информатика | 19.03.2022 Кавадарци | III награда | Никола Костадинов |
| **Славица Атанасова Дејан Милчевски** | Државен натпревар по стручни предмети од електротехничка струка | 06.05.2022 Велес | пофалница | Илија Димитриев |

## Спортски натпревари

| НАСТАВНИК | НАТПРЕВАР/ МАНИФЕСТАЦИЈА | МЕСЕЦ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ | УЧЕСТВО ИЛИ НАГРАДА | ИМЕ НА УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ: |
|---|---|---|---|---|
| Игор Конзулов | Зонски натпревар во ракомет | 10 ноември, Радовиш | I место | учениците се од II,III и IV година |
| Игор Конзулов | Зонски натпревар во одбојка | 24 ноември, Струмица | III место | учениците се од II,III и IV година |

## РЕЗУЛТАТИ
од Образовното Рандеву на МАССУМ 2022

Оваа година Образовното Рандеву на МАССУМ се одржа во Велес во СОУ “Димитрија Чуповски” на 06-07 мај.

Нашите ученици учествуваа во следниве категории:

1. Интервју за работа - на македонски јазик
   Ученик: Ана Бибовска, ментор: Катерина Диманова Јованова
2. Интервју за работа - на англиски јазик
   Ученик: Васе Лазаров, ментор: Наташа Спасевска
3. Јавно говорење - подготвен говор
   Ученик: Данче Накова, ментор: Катерина Диманова Јованова
4. Најдобар постер
   Ученици: Дарко Тодоров, Костантин Ѓозев, Кристијан Благоев, ментор: Верче Чапова
5. Најдобра веб страна
   Ученици: Илија Димитриев, Дарко Тодоров, Симон Пранговски, Деница Трајанова, Ментори: Славица Атанасова и Борче Алексов
6. Најдобра фотографија
   Ученици: Стивен Донев, Коце Илиев, ментор: Славица Атанасова
7. Најдобра поетска творба
   Ученик: Сара Серафимовска, ментор: Катерина Диманова Јованова
   Ученик: Катерина Панајотова, ментор: Сања Маринковска
8. Најдобро кариерно онлајн портфолио

Ученици: Иван Евтимов, Михаела Тадирова, ментор: Наташа Спасевска

9. Најдобар филм:
   Ученици: Никола Костадинов, Ристе Трајков, Виолета Василева
   Ментори: Катерина Диманова Јованова и Славица Атанасова
10. Најдобра видео реклама
    Ученик: Габриела Камчева, ментор: Василка Митева.
11. Најдобар бенд и соло изведувач
    Ученици: Михаела Тадирова, Зорица Ристова, Барбара Стојанова,
    Ментор: Рушка Евтимова
12. Најдобар играч во пингпонг
    Ученик: Матеј Филипов, ментор: Иванка Спасова
13. Најдобра екипа во баскет
    Ученици: Барбара Аврамова, Манас Манасов, Столе Крстев
    Ментор: Љупче Атанасов
14. Најдобра екипа во серва
    Ученици: Марко Стојменов, Давид Митковски, Симона Ристоманова
    Ментор: Миле Коцев

Со награди се стекнаа следниве екипи:

- Прво место ( златна плакета ) за најдобар постер за тимот ученици: Дарко Тодоров, Костантин Ѓозев, Кристијан Благоев,
- ментор: Верче Чапова.

- Второ место ( сребрена плакета ) за најдобро Интервју за работа - на англиски јазик, ученик: Васе Лазаров, ментор: Наташа Спасевска

- Трето место за најдобро јавно говорење - подготвен говор, ученик: Данче Накова, ментор: Катерина Диманова Јованова

- Трето место за најдобар филм, ученици: Никола Костадинов, Ристе Трајков, Виолета Василева, Ментори: Катерина Диманова Јованова и Славица Атанасова

- Трето место за најдобар штанд од електро-техничката струка, ученици: Илија Димитриев, Радомир Димитриевиќ, Спасе Илиев, Кристијан Благоев, Петар Коцев, Ментор: Дејан Милчевски.

Координатор на МАССУМ
при СОУ “Коста Сусинов”
Наташа Спасевска

За повеќе информации за настанот и резултатите на страна http://massum.org/mk/

Во учебната 2021/2022 повторно беше прогласен најдобар ученик на генерацијата 2018/2022 година. Комисија составена од наставници според изготвени критериуми според Правилникот за прогласување на ученик на генерацијата од повеќе предложени ученици од наставници, за ученик за генерацијата ја прогласи ученичката од IV [2] клас **Марија Прастова.**

| **Реден Број** | **Име и презиме** | **Клас** | **Среден успех** | **Опр. изост** | **Неоп. изост.** | **Учество во натпревар и и освоени награди** | **Учество во проекти и др.активности** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Марија Прастова** | IV-2 | 100 | -13.1 | / | 36 | 2,5 | 125,4 |
| 2. | Васе Лазарев | IV-1 | 100 | -2.6 | / | 17 | 5 | 119.4 |
| 3. | Марија Костадинова | IV-3 | 100 | -0.8 | / | / | 4 | 103.2 |
| 4. | Самира Асанова | IV-3 | 100 | -1.7 | / | / | 4 | 102.3 |
| 5. | Кате Бехлимова | IV-3 | 100 | -9 | / | / | 4 | 95 |
| 6. | Надица Јанева | IV-3 | 100 | -10.2 | / | / | 4 | 93.8 |

Според одредени критериуми од страна на избрана комисија составена од наставници беа избрани и најдобрите ученици од прва, втора, трета година.

Врз основа на Правилникот за избор на најдобар ученик на годината, Комисијата за избор на најдобар ученик за **прва година** ја изготви следнава ранг листа:

| ред.бр. | име и презиме | среден успех | оправдани изостаноци | неоправдани изостаноци | дипломи/проекти | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Матеа Димитриева** | 100 | 0,2 | 0 | 5 | **104,8** |
| 2 | Гонца Евтимова | 100 | 0 | 0 | 1 | **101** |
| 3 | Тијана Темелкова | 100 | 2 | 3 | 1 | **96** |

Од изготвената ранг листа, ученик на генерацијата од прва година за наставната 2021/22 е **Матеа Димитриева**.

Врз основа на Правилникот за избор на најдобар ученик, Комисијата за избор на најдобар ученик за **втора година** ја изготви следнава ранг листа:

| ред. бр. | име и презиме | среден успех | оправдани изостаноци | неоправдани изостаноци | дипломи/ проекти | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Деница Трајанова** | 100 | -0,4 | 0 | 3+7 | 109,6 |
| 2 | Дарко Тодоров | 100 | -0,3 | 0 | 3+3 | 105,7 |
| 3 | Ивана Коцева | 100 | -0,3 | 0 | 3 | 102,7 |
| 4 | Ана Коцева | 100 | -0,8 | 0 | 2 | 101,2 |
| 5 | Зорица Ристова | 100 | -0,2 | 0 | 1 | 100,8 |
| 6 | Михаела Тадирова | 100 | -1,2 | 0 | / | 98,8 |

За најдобар ученик од втора година за наставната 2021/22 се прогласува **Деница Трајанова**

Врз основа на Правилникот за избор на најдобар ученик, Комисијата за избор на најдобар ученик за **трета година** изготви ранг листа:

| ред. бр. | име и презиме | среден успех | оправдани изостаноци | неоправдани изостаноци | дипломи/ проекти | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Никола Костадинов** | 100 | 0 | 0 | 1+5+1 | 107 |
| 2 | Стефан Петрушев | 100 | 0 | 0 | 2 | 102 |
| 3 | Ана Бибовска | 100 | 0 | 0 | / | 100 |
| 4 | Филип Ташков | 100 | 0 | 0 | / | 100 |
| 5 | Ангелина Јованова | 100 | 0 | 0 | / | 100 |
| 6 | Симона Долдурова | 100 | 0 | 0 | / | 100 |
| 7 | Сара Серафимовска | 100 | -2 | 0 | / | 98 |

Од изготвената ранг листа, ученик на генерацијата од трета година за наставната 2021/22 е **Никола Костадинов.**

## ОПШТЕСТВЕНО – КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Во текот на првото и второто полугодите од учебната 2021/2022 беа организирани повеќе настани како работилници, трибини, хуманитарни акции, реализација на проекти, еднодневен излет.

## СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022

Релизацијата на програмата постојано и систематски се следеше од директорот, педагогот и психологот на училиштето. Материјалот што се прибираше од непосредно следење се обработуваше во вид на информација, извештај, анализа и други форми и се презентирше преку стручните органи и тела во определени временски термини.

Директорот на училиштето беше организатор на работата во СОУ „Коста Сусинов” помаган од горенаведните чинители, дополнуван од наставниците, Училишнот одбор, Советот на родителите, а исто така и од Локалната самоуправа. Директорот беше постојано во координација со МОН-Скопје и со Бирото за развој на образование.

Директорот во својата долгорочна визија и мисија во учебната 2021/2022 година реализира дел од својата зацртана програма.

- Како и секоја година така и оваа на почетокот беше подготвена зградата за навремено почнување на воспитно образовниот процес.
- Навремено беше изработен распоред на часови и истакнат на почетокот на учебната година.
- Преку локалната самоуправа навремено беше извршено снабдувањето со нафта за парното за што е одговорен работникот Долдуров Митко.
- Сите наставници и стручни соработници навремено беа известувани, испраќани на семинари и за истите обезбедувани средства од училиштето.
- Постојано следење и укажување на наставниците, учениците навремено да бидат оценувани.
- Во текот на целата година училиштето беше посетувано од надлежниот инспектор и беа извршени увиди во работата на наставниците.
- Посета на часови од страна на директорот на училиштето и стручната служба.
- Постојано и навремено информирање за сите случувања во училиштето.
- Настанот за свечено доделување на дипломи на учениците коишто имаат добиени награди на натпревари и се прогласени за ученици на годината, којшто секоја година традиционално се одржува, оваа година се одржа во месец октомври. Наградените ученици и ментори се дадени во извештајот.
- Матурската прослва за завршните класови се одржа во ресторан Леона лукс во Радовиш.

- Наставниците навремено ги завршија своите планирања, методските единици, учениците беа навремено оценети, а исто така беа одржани пет родителски средби за соопштување на успехот.
- Соработка со Локалната заедница во секаков поглед.
- Одржување на дополнителна и додатна настава (истата е спореведена според распоредот за додатна и дополнителна настава и евидентирана во  дневниците за работа на паралелките).
- Во измината учебна 2021/2022 беа оддржани 15 состаноци на Наставничкиот совет и 4 состаноци на Класен совет. Во дневниот ред на истите, покрај предвидените беа разгледувани и тековни прашања и проблеми.
- Во измината учебна 2021/2022 година Училишниот одбор одржуваше редовни седници.

Во дневниот ред на истите покрај предвидените беа разгледувани и тековни прашања и проблеми.

Директорот на училиштето работеше согласно со оперативната програма за учебната 2021/2022  година.

Работата на соработниците и реализацијата на наставните програми се следеше од страна на директорот на училиштето.

директор,
Гоце Лазаров

**ПРИЛОГ БР. 1**
Извештај за постигнатиот успех на учениците на крајот од учебната 2021/2022

**ПРИЛОГ БР. 2**
Извештај за реализација на ЕКО-програмата за учебната 2021/2022

**ПРИЛОГ БР. 3**
Извештај за реализација на активности од ACCESS проектот за учебната 2021/2022

**ПРИЛОГ БР. 4**
Извештај за реализација на активности од проектот Мултиетничка интеграција во образованието за учебната 2021/2022

**ПРИЛОГ БР. 5**
Извештај за реализација на активности од проектот Младите за децата за учебната 2021/2022

**ПРИЛОГ БР. 6**
Извештај од работата на Средношколската унија при СОУ Коста Сусинов за учебната 2021/2022

**ПРИЛОГ БР. 7**
Извештај од спроведена Самоевалуација на училиштето за период 2019-2021

**ПРИЛОГ БР. 8**
Извештај од спроведена Самоевалуација за мултиетничка интеграција во образованието за учебната 2021/2022

**ПРИЛОГ БР. 9**
Извештај за работата на директорот за учебната 2021/2022

**ПРИЛОГ БР. 10**
Извештај за работата на психологот за учебната 2021/2022

**ПРИЛОГ БР. 11**
Извештај за работата на училишниот педагог за учебната 2021/2022

**ПРИЛОГ БР. 12**
Извештај за работата на библиотекарот за учебната 2021/2022

**ПРИЛОГ БР. 13**
Извештај за работата на наставничкиот совет за учебната 2021/2022

**ПРИЛОГ БР. 14**
Извештај за работата на училишниот одбор за учебната 2021/2022

# Извештај за постигнатиот успех на учениците на крајот на наставната година во учебната 2021/2022 година

На почетокот на учебната 2021/2022 година се запишани 512 ученици од кои 237 женски и 275 машки. На крајот на наставната година, 2021/2022 остануваат 483 ученика од кои 254 машки и 229 женски. Во текот на целата наставна година е присутно движење на учениците (придојдени, испишани, преминале во друго училиште и отстранети), на што се должи осипувањето т.е намалувањето на бројот на ученици.

**Постигнатиот успех на учениците по години е следниот:**
**Просек по години:**
I 3,34- ( 3,23-М; 3,43 -Ж)
II 3,51- ( 3,35-М; 3,76-Ж)
III 3.35 - (3,07- М; 3,62 -Ж)
IV 3,52-(-3,29-М; 3,70-Ж)

**Просекот на ниво на училиште на крајот на наставата за учебната 2021/2022 е Добар 3,43.**

**Во споредба со првите три квартални периоди во текот на учебна 2021/2022г. е евидентно континуирано зголемување на просечниот успех кај учениците независно од која струка или година се истите.**

**Напомена – оваа учебна година е во услови на пандемија со физичко присуство на учениците и како таква нејзините параметри поврзано со успехот се неспоредлива со претходнат учебна година, која за потсетување се одвиваше преку настава од далечина и во домашен амбиент.**

**Ранг листа на постигнат успех по паралелки :**

| I | II | III | IV |
|---|---|---|---|
| 1. I-1 - 4,51 | 1. II-2 - 4.77 | 1. III-1 - 4.43 | 1. IV-1 - 4,39 |
| 2. I-3 - 3,78 | 2. II-1 - 4,60 | 2. III-2 - 4.17 | 2. IV-2 - 3,83 |
| 3. I-2 - 3,66 | 3.II-3 - 3,96 | 3. III-4 - 3.98 | 3. IV-5 - 3,79 |
| 4. I-5 - 3,10 | 4.II-4 - 3,77 | 4. III-3 - 3,43 | 4. IV-3 - 3,61 |
| 5. I-4 - 2,98 | 5.II-5 - 3,14 | 5. III-6 - 3,30 | 5. IV-4 - 3,46 |
| 6. I-7 - 2,78 | 6. II-7 - 2.96 | 6. III-5 - 3,06 | 6. IV-7 - 3,16 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. I-6 - 2,55 | 7. II-6 - 2.54 | 7. III -8 - 3,01 | 7. IV-8 - 2,98 |
| | 8. II-8 - 2,32 | 8. III -9 - 2,64 | 8. IV-6 - 2,96 |
| | | 9. III -7 - 2,17 | |

**Од вкупно 32 паралелки во училиштето најдобар успех постигнале :**

1. II- 2 - 4,77
2. II- 1 - 4,60
3. I- 1 - 4,51
4. III-1 - 4.43
5. IV-1 -4,39

## Просек на ниво на прва година

Просек на учениците од прва година - гимназиски паралелки на македонски наставен јазик – **4,09**
Просек на прва година на гимназиски паралелки на турски наставен јазик – **3,78**
Рударско геолошка струка ( дуална ) на македонски наставен јазик- **2,98**
Електротехничка струка на македонски наставен јазик–**3,10**
Електротехничка струка на турски наставен јазик - **2,55**
Машинска струка на македонски наставен јазик- **2,78**

## Просек на ниво на втора година

Просек на учениците од втора година -гимназиски паралелки на македонски наставен јазик –**4.28**
Просек на учениците од гимназиските паралелки на турски наставен јазик –**3,14**
Металуршка струка на македонски наставен јазик –**2.54**
Просек на електротехничка струка на македонски јазик –**2.96**
Просек на електротеничка струка на турски наставен јазик -**2,32**

## Просек на ниво на трета година

Просек на учениците за трета годинана македонски наставен јазик - гимназиски паралелки **– 3,81**
Просек на турски наставен јазик- гимназиски паралелки – **3,30**
Металуршка струка на македонски наставен јазик**– 2,17**
Просек на електротехничка струка на македонски наставен јазик – **3,01**
Просек на електротехничка струка на турски наставен јазик – **2,64**

## Просек на ниво на четврта година

Просек на учениците од четврта година на македонски наставен јазик гимназиски паралелки– **4,07**
Просек на паралелките на турски наставен јазик- гимназиски паралелки –**2,96**
Металуршка струка на македонски наставен јазик -**3,16**
Просек на електротехничка струка на македонски наставен јазик – **2,98**

| Вкупен просек по години | | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| I | **3,34** | **3,23** | **3,43** |
| II | **3,51** | **3,35** | **3,76** |
| III | **3,35** | **3,07** | **3,62** |
| IV | **3,52** | **3,29** | **3,70** |
| **Вкупно:** | **3,43** | **3,24** | **3,63** |

| **УСПЕХ ПО ПРЕДМЕТИ** | Прво тромесечие | Прво полугодие | Второ тромесечие | Крај на наставата |
|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | | | | |
| I-год. | 3,66 | 3,80 | 3,51 | 3,88 |
| II.год | 3.27 | 2,91 | 2,84 | 3,30 |
| III.год. | 2,72 | 2,93 | 2,71 | 3.21 |
| IV-год. | 2,73 | 2,71 | 2,75 | 3,21 |
| **Математика** | | | | |
| I-год. | 2,08 | 2,31 | 2,08 | 2,70 |
| II-год. | 2.71 | 2,73 | 2,79 | 3,06 |
| III-год. | 2,62 | 2,83 | 2,65 | 3,07 |
| IV-год. | 3,20 | 2,75 | 2,64 | 3,07 |
| **Англиски јазик** | | | | |
| I-год. | 3,17 | 3,18 | 3,05 | 3.31 |
| II-год. | 3,09 | 2,90 | 3,19 | 3.35 |
| III-год. | 3,14 | 3,23 | 3,04 | 3,27 |
| IV-год. | 3.26 | 3,45 | 3,65 | 3,82 |
| **Француски јазик** | | | | |
| I-год. | 4,50 | 4,50 | 4,00 | 4,50 |
| II-год. | 3.75 | 3,80 | 3,75 | 4,80 |
| III-год. | 4,30 | 4,35 | 4,00 | 4,40 |
| IV-год. | 3.67 | 4,47 | 4,00 | 4,46 |
| **Германски јазик** | | | | |
| I- год. | 3,03 | 3,42 | 3,62 | 3,88 |
| II- год. | 3.43 | 3,72 | 3,67 | 3,85 |
| III- год | 3,29 | 3,23 | 3,25 | 3,60 |
| IV - год | 3.17 | 3,30 | 3,66 | 3,73 |
| **Турски јазик** | | | | |
| I-год | 3,21 | 3.31 | 3,27 | 3,95 |
| II-год. | 2.09 | 3,23 | 3,00 | 3,92 |
| III-год. | 3,22 | 3,46 | 3,54 | 3,65 |
| IV-год. | 2,70 | 2,60 | 3,00 | 3,30 |
| **Историја** | | | | |
| I-год. | 2,00 | 2,18 | 1,85 | 2,70 |
| II-год. | 3.37 | 3,61 | 3,54 | 3,90 |
| III-год. | 2,88 | 3,10 | 3,02 | 3,32 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| IV-год. | 1,57 | 1,71 | 1,60 | 2,43 |
| **Хемија** | | | | |
| I-год. | 2,77 | 2,96 | 2,85 | 3,19 |
| II-год. | 3,31 | 3,67 | 3,68 | 3,91 |
| III-год. | 2,81 | 2,95 | 2,92 | 3,22 |
| IV-год. | 4,17 | 4,45 | 4,36 | 4,53 |
| **Биологија** | | | | |
| I-год. | 3,01 | 3,26 | 2,93 | 3,56 |
| II-год | / | 3,23 | 3,01 | 3,63 |
| III-год. | / | 3,04 | 2,91 | 3,54 |
| IV-год. | 3.18 | 3,72 | 3,92 | 4,22 |
| **Физика** | | | | |
| I-год. | 2,39 | 2,70 | 2,76 | 2,96 |
| II-год. | 2,53 | 2,80 | 2,86 | 3,43 |
| III-год. | 2,62 | 2,97 | 2,95 | 3,07 |
| IV-год. | 3,20 | 3,30 | 3,04 | 3,45 |
| **Социологија** | | | | |
| II-год. | 3.36 | 3,60 | 3,58 | 4,05 |
| III-год | 2,55 | 2,78 | 2,27 | 3,49 |
| IV- год | 2,54 | 3,12 | 3,11 | 3,51 |
| **Географија** | | | | |
| I-год. | 3,04 | 3,43 | 3,38 | 3,71 |
| II-год. | 2,66 | 2,96 | 3,17 | 3,41 |
| III-год | 2,60 | 3,59 | 3,23 | 3,86 |
| **Информатика** | | | | |
| I- год. | 2,44 | 2,54 | 2,43 | 2,98 |
| II-год. (метал.) | 2.11 | 2,10 | 2,20 | 2,20 |
| **Информатичка технологија** | | | | |
| II-год. | 4,68 | 4,67 | 4,75 | 4,83 |
| **Спорт** | | | | |
| I-год | / | 3,87 | 4,00 | 4,32 |
| II-год. | 3,95 | 4,51 | 4,57 | 4,78 |
| III-год. | 4,70 | 4,26 | 4,31 | 4,40 |
| IV-год. | 4,19 | 4,47 | 4,64 | 4,68 |
| **Ликовна уметност** | | | | |
| I- год. | 3,86 | 3,82 | 3,91 | 4,01 |
| II- год. | 3.18 | 3,66 | 3,74 | 4,04 |
| **Музичка уметност** | | | | |
| I- год. | 3,48 | 3,59 | 3,57 | 3,91 |
| II- год. | 4,18 | 4,26 | 4,34 | 4,51 |
| **Филозофија** | | | | |
| IV- год. | 2,63 | 2,72 | 2,72 | 3,27 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Линеарна алгебра и аналитичка геометрија** | | | | |
| III-год. | 3,82 | 4,03 | 3,91 | 4,26 |
| **Програмски јазици** | | | | |
| III-год | 3,47 | 3,91 | 3,35 | 3,94 |
| IV-год | 3,99 | 3,69 | 3,69 | 3,94 |
| **Алгебра** | | | | |
| III-год. | 3,54 | 3,96 | 3,96 | 4,07 |
| **Латински јазик** | | | | |
| III-год. | 4,01 | 3,32 | 2,87 | 3,47 |
| **Вовед во право** | | | | |
| III-год. | 2,80 | 3,11 | 3,11 | 3,83 |
| **Педагогија** | | | | |
| III-год. | / | / | 2,60 | 3,30 |
| **Етика** | | | | |
| II-год. | 3,26 | 3,65 | 3,83 | 4,37 |
| III-год. | 2,91 | 3,00 | 3,00 | 3,75 |
| **Говорење и пишување** | | | | |
| II- год. | 4.10 | 4,31 | 4,20 | 4,31 |
| **Класични јазици** | | | | |
| III- год. | 2,91 | 2,83 | 3,00 | 3,00 |
| **Бизнис** | | | | |
| IV-год.(стручно) | 2,96 | 2,87 | | 3,69 |
| **Бизнис и претприемништво** | | | | |
| IV-год. | 2,69 | 2,80 | 2,82 | 3,44 |
| **Граганско образование** | | | | |
| I-год | 2.05 | 2,63 | 2,70 | 2,98 |
| IV-год | 1,89 | 2,00 | 2,00 | 2,58 |
| **Економија** | | | | |
| IV- год. | 3.38 | 3,50 | 3,78 | 4,21 |
| **Менаџмент** | | | | |
| IV- год. | 3,20 | 3,29 | 3,29 | 3,88 |
| **Логика** | | | | |
| IV- год. | 3,13 | 3,25 | 3,12 | 3,50 |
| **Филозофија-изборен** | | | | |
| IV- год. | 3,24 | 3,32 | 3,06 | 3,32 |
| **Психологија** | | | | |
| IV- год. | 2,84 | 2,87 | 3,00 | 3,04 |
| **Математичка анализа** | | | | |
| IV- год. | 3,58 | 3,48 | 3,32 | 3,64 |
| **Современи технологии на економските сектори на пазарот на труд** | | | | |
| I - год. | 2,81 | 2,38 | 2,20 | 2,66 |
| **Заштита на животна и работна средина** | | | | |
| I- год. | 1,73 | 1,86 | 1,86 | 2,57 |
| **Техничка комуникација** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| I- год. | 2,45 | 2,38 | 2,44 | 2,87 |
| **Електротехника** | | | | |
| I- год. | 1,199 | 1,99 | 1,79 | 2,12 |
| II-год. | 1,96 | 1,98 | 1,80 | 2,14 |
| **Машинство** | | | | |
| II-год. | 1,66 | 2,10 | 2,25 | 2,40 |
| **Електрични мерења** | | | | |
| II-год. | 1,85 | 1,81 | 1,95 | 2,38 |
| **Металуршки печки** | | | | |
| II-год. | 2,33 | 1,9 | 2,12 | 2,40 |
| **Топлотна техника** | | | | |
| II-год. | 2,22 | 1,9 | 1,54 | 2,10 |
| **Металуршка подготовка** | | | | |
| II-год | 1,88 | 1,5 | 2,00 | 2,40 |
| **Технологија на производство на метали** | | | | |
| IV-год. | 2.20 | 2,20 | 1,75 | 2,50 |
| **Технологија на производство на метали (изборен)** | | | | |
| IV-год. | 2,40 | 2,40 | 2,50 | 2,75 |
| **Машини и уреди** | | | | |
| III-год. | 1,58 | 1,58 | 1,5 | 2,00 |
| **Пирометалуршко добивање на метали и легури** | | | | |
| II-год. | 2,11 | 2.00 | 2,00 | 2,40 |
| III-год. | 1,92 | 1,67 | 2,00 | 2,38 |
| **Преработка во пластична состојба** | | | | |
| III-год. | 1,42 | 1,33 | 1,33 | 2,12 |
| IV-год. | 2.20 | 2,40 | 2,50 | 3,25 |
| **Преработка во течна состојба** | | | | |
| IV- год. | 2.40 | 2,40 | 2,50 | 2,50 |
| **Термичка обработка со испитување** | | | | |
| IV- год. | 2.20 | 1,40 | 2,25 | 2,50 |
| **Физичка металургија** | | | | |
| II-год. | 1,5 | 1,7 | 1,70 | 2,30 |
| IV- год. | 2.40 | 2,40 | 2,50 | 3,50 |
| **Практична настава** | | | | |
| IV-год. | 3,55 | 3,63 | 3,87 | 3,93 |
| **Преработка во пластична состојба-изборен** | | | | |
| IV-год. | 3,20 | 3,20 | 3,20 | 3,25 |
| **Леење на железо и челик** | | | | |
| III- год. | 1.42 | 1,42 | 1,50 | 2,00 |
| **Електротехнички материјали** | | | | |
| I- год. | 2,05 | 2.04 | 2,10 | 2,26 |
| **Електроника** | | | | |
| II-год | 2,14 | 2,22 | 2,25 | 2,34 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Основи на програмирање** | | | | |
| II-год. | 1,76 | 1.60 | 1,65 | 2,04 |
| **Микрокомпјутери и нивно програмирање** | | | | |
| II-год | 2,10 | 2,29 | 2,35 | 2,51 |
| **Уредување на ВЕБ страна** | | | | |
| III-год | 2,08 | 2,33 | 2.02 | 2,71 |
| **Програмирање** | | | | |
| IV-год | 2.17 | 2,11 | 2,41 | 2,64 |
| **Објективно ориентирано програмирање** | | | | |
| III-год. | 2,13 | 2,10 | | 2,45 |
| **Дигитални системи** | | | | |
| IV- год. | 2.61 | 2,61 | 2,54 | 2,71 |
| **Системи за автоматско управување** | | | | |
| III- год. | 2,12 | 2,38 | 2,13 | 2,39 |
| **Процесно управување** | | | | |
| III - год. | 2,10 | 2,32 | 2,08 | 2,39 |
| IV- год. | 2,28 | 2,28 | 2,28 | 2,52 |
| **Основи на дигитални системи** | | | | |
| III-год. | 2,11 | 2,35 | 1,83 | 2,34 |
| **Хидрометалуршко добивање на метали** | | | | |
| III-год. | 1,27 | 1,33 | 1,60 | 2,00 |
| **Заварување на металит** | | | | |
| III-год. | 1,00 | 1,25 | 1,50 | 1,88 |
| **Учење преку работа кај работодавач** | | | | |
| III-год. | 2,70 | 2,82 | 2,89 | 3,00 |
| **Минерологија** | | | | |
| I-год. | 1,93 | 2,07 | 2,64 | 2,64 |
| **Техничко цртање со КАД** | | | | |
| I-год. | 1,97 | 1,67 | 2,33 | 3,29 |
| **Технологија на обработка** | | | | |
| I-год. | 2,22 | 2,44 | 2,54 | 2,57 |
| **Машинство и други сектори** | | | | |
| I-год. | 2,37 | 2,44 | 2,44 | 3.00 |
| **Машински елементи со механика** | | | | |
| I-год. | 2,25 | 2,11 | 2,16 | 2,29 |

**Вкупен број на изостаноци направени од учениците од I до IV година на крајот на наставната година за учебната 2021/2022 година**

| | Оправдани | Во просек по ученик | Неоправдани | Во просек по ученик | Вкупно изостаноци | Во просек по ученик | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 3240 | 33,8 | 586 | 6 | 3826 | 39,8 | 96 |
| II | 3241 | 28,7 | 543 | 4,8 | 3784 | 33,5 | 113 |
| III | 7179 | 47 | 898 | 5,8 | 8077 | 52,8 | 153 |
| IV | 7413 | 61,3 | 878 | 7,3 | 8291 | 68,5 | 121 |
| **Вк.** | **21073** | **43,6** | **2905** | **6** | **23978** | **49,6** | **483** |

**Изостанување од настава на крајот на наставната година од учебната 2021 - 2022 година на учениците од гимназиските паралелки на македонски наставен јазик**

| | Оправдани изостаноци | Во просек по ученик | Неоправдани изостаноци | Во просек по ученик | Вкупно изостаноци | Просек | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 411 | 13 | 70 | 2,3 | 481 | 15,5 | 31 |
| II | 1517 | 22 | 229 | 3,4 | 1746 | 25,6 | 68 |
| III | 3033 | 33 | 298 | 3 | 3331 | 36 | 92 |
| IV | 5808 | 64,5 | 634 | 7 | 6442 | 71,5 | 90 |
| **Вк.** | **10769** | **38,2** | **1231** | **4,4** | **12000** | **42,6** | **282** |

**Изостанување од настава на крајот на наставната година од учебната 2021 - 2022 година на учениците од гимназиските паралелки на турски наставен јазик**

| | Оправдани изостаноци | Во просек по ученик | Неоправдани изостаноци | Во просек по ученик | Вкупно изостаноци | Просек | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 142 | 14,2 | / | / | 142 | 14,2 | 10 |
| **II** | 352 | 27 | 52 | 4 | 404 | 31 | 13 |
| **III** | 1224 | 53 | 136 | 6 | 1360 | 59 | 23 |
| **IV** | 392 | 39,2 | 76 | 7,6 | 468 | 46,8 | 10 |
| **Вк.** | **2110** | **37,7** | **264** | **4,7** | **2374** | **42,3** | **56** |

**Изостанување од настава на крајот на наставната година од учебната 2021 - 2022 година на учениците од металуршка струка**

| | Оправдани изостаноци | Во просек по ученик | Неоправдани изостаноци | Во просек по ученик | Вкупно изостаноци | Просек | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **II** | 521 | 52 | 121 | 12 | 642 | 64 | 10 |
| **III** | 964 | 120,5 | 112 | 14 | 1076 | 134,5 | 8 |
| **IV** | 122 | 30,5 | 24 | 6 | 146 | 36,5 | 4 |
| **Вк.** | **1607** | **73** | **257** | **11,7** | **1864** | **84,7** | **22** |

**Изостанување од настава на крајот на наставната година од учебната 2021 - 2022 година на учениците од електротехничка насока на македонски наставен јазик**

| | **Оправдани изостаноци** | **Во просек по ученик** | **Неоправдани изостаноци** | **Во просек по ученик** | **Вкупно изостаноци** | **Просек** | **Број на ученици** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 618 | 34 | 126 | 7 | 744 | 41 | 18 |
| **II** | 448 | 37 | 59 | 4,9 | 507 | 42 | 12 |
| **III** | 1142 | 63,4 | 176 | 9,8 | 1318 | 73,2 | 18 |
| **IV** | 1091 | 64,2 | 144 | 8,5 | 1235 | 72,6 | 17 |
| **Вк.** | **3299** | **50,8** | **505** | **7,8** | **3804** | **58,5** | **65** |

**Изостанување од настава на крајот на наставната година за учебната 2021 - 2022 година на учениците од електротехничка насока на турски наставен јазик**

| | **Оправдани изостаноци** | **Во просек по ученик** | **Неоправдани изостаноци** | **Во просек по ученик** | **Вкупно изостаноци** | **Просек** | **Број на ученици** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 707 | 44 | 209 | 13 | 916 | 57 | 16 |
| II | 403 | 40,3 | 82 | 8,2 | 485 | 48,5 | 10 |
| III | 816 | 68 | 176 | 14,7 | 992 | 82,7 | 12 |
| **Вк.** | **1926** | **50,7** | **467** | **12,3** | **2393** | **63** | **38** |

**Изостанување од настава на крајот на наставната година за учебната 2021 - 2022 година на учениците од геолошко рударска струка на македонски наставен јазик –дуална**

| | **Оправдани изостаноци** | **Во просек по ученик** | **Неоправдани изостаноци** | **Во просек по ученик** | **Вкупно изостаноци** | **Просек** | **Број на ученици** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 749 | 53,5 | 105 | 7,5 | 854 | 61 | 14 |

**Изостанување од настава на крајот на наставната година за учебната 2021 - 2022 година на учениците од машинска струка на македонски наставен јазик**

| | **Оправдани изостаноци** | **Во просек по ученик** | **Неоправдани изостаноци** | **Во просек по ученик** | **Вкупно изостаноци** | **Просек** | **Број на ученици** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 613 | 87,6 | 76 | 10,9 | 689 | 98 | 7 |

Наведените податоци се како резултат на условите со пандемијата и наставата организирана со физичко присуство. Во текот на целото полугодие има ученици кои беа во изолација или и самите заболени од Ковид-19 , состојби и на цели паралелки ставени во целосна или делумна изолација. Дел од учениците се и воннаставно активни како и во одделни општински/државни спортски клубови, поради што, исто така се отсуствува од настава. Бројот на изостаноците е доста висико и истиот би бил статистички некоректен да се споредува со било кој претходен учебен период.

**Поведение на учениците на крајот од наставната година 2021/2022**

| година | Примерно | Добро | Незадоволително |
|---|---|---|---|
| **I** | 77 | 10 | 9 |
| **II** | 95 | 10 | 8 |
| **III** | 122 | 24 | 7 |
| **IV** | 91 | 28 | 2 |
| **Вк.** | **385** | **72** | **26** |

**Ученици упатени на поправен испит на крајот од наставната година во учебната 2021/2022 година на ниво на училиште**

| година | Со 1 слаба | Со 2 слаби |
|---|---|---|
| **I** | / | 1 |
| **II** | 1 | / |
| **III** | 3 | / |
| Вк. | 4 | 1 |

**Податоци од матурски испит ( јунска сесија ) во учебната 2021/2022 година**

| Тип на матура | пријавиле | положиле |
|---|---|---|
| **државна** | 119 | 111 |
| **училишна** | 4 | 3 |
| **завршен испит** | 5 | 3 |
| Вкупно | 128 | 117 |

Во однос на бројот на ученици кои пријавиле матурски испит се вбројуваат и вонредните ученици, поради што се појавува разлика во однос на бројот на завршени ученици во четврта година.

Напомена – учениците имаат право на полагање испити ( поправни, вонредни, матурски и др. ) и во августовска сесија. Ова не се конечни резултати во однос на пријавени / положени испити.

**Педагошко-психолошка служба**

**Јули 2022 година** **психолог Виолета Србакова**

СОУ “Коста Сусинов”, Радовиш

Годишен извештај од работата на Еко одборот
за учебната 2021/22 година

Оваа учебна година сите наставници кои во своите тематски планирања имаа предвидено некоја од точките на акција од 9-те теми за еколошка реализација, навремено ги реализираа на своите часови.

Еко одборот тековно ги извршуваше предвидените активности за учебната 2021/22 година, како што се на пример одбележување на еколошки денови, садење цвеќиња, одржување на училишната зграда и училишниот двор, еко акции за чистење на околината.

Во октомври беше одржана еко акција со учениците претставници на Еко одборот и учениците од проектот Аксес за чистење на училишниот двор и блиската околина покрај речното корито на Радовишка река, при што се собра одредена количина на отпад и истиот беше однесен за рециклирање.

Во април исто така во соработка со учениците од проекот Аксес беше организирана работилница за изработка на еко пораки и постери за одбележување на Денот на планетата Земја, 22 Април.

Оваа учебна година, за жал, не земавме учество во традиционалниот натпревар за собирање и реупотреба на отпад “Trash Fashion”, поради тоа што немаше заинтересираност од страна на учениците.

Извештајот го подготви:

Катерина Сусинова
Координатор на еко одборот

СОУ “Коста Сусинов” - Радовиш

Годишен извештај за “Access”
– програма за стипендирање и изучување на англиски јазик
во учебната 2021/22 година

**Цели и активности на програмата**:

“Access”е две-годишна програма за стипендирање поддржана од Стејт Департментот на САД , во организација на МЦГО – Македонски центар за граѓанско образование, и во соработка со СОУ “Коста Сусинов”, Радовиш.
Главна цел на програмата е изучување на англискиот јазик, кое се спроведува 2 пати неделно, во времетраење од 90 мин (2 училишни часа од 45 минути).
Исто така програмата вклучува и учество во други активности, како што се:
- Посети на институции (на пр. Американска Амбасада, Американски Универзитет, Американски јазичен центар и сл.);
- Посети на други градови во кои се спроведува програмата и комуникација со тамошните учесници;
- Средби - работилници со експерти од САД (во сегашната ситуација тоа беа онлајн средби). Експерти, како што се: универзитетски професори, претставници од американската амбасада, претставници од приватниот сектор како кариерни советници и многу други;
- Вон-наставни активности ( на пр. излет во природа, организација на драма или шоу за таленти и сл.);
- Општествено-корисни активности во заедницата и надвор од неа, (на пр. еко кампањи, организација на хуманитарни настани, помагање на постари лица, одбележување на некои празници -посебно оние поврзани со културата на САД и сл.);
- Летен камп за подобро запознавање на сите учесници во програмата од цела Македонија, како и разменувања на идеи и размислувања во врска со културата на САД;
- Пристап до програми и информации за студирање во САД

Во сите овие активности се употребува англискиот јазик се со цел за негово подобро изучување и користење надвор од училницата. Главен акцент во сите тие активности ќе се стави на:
- Културата и вредностите на САД
- Личниот развој на ученикот/ученичката
- Општествено-корисна работа во заедницата
- Компјутерски вештини

Во изведбата на сите активности, како и на часовите, учениците ги почитуваат правилата и прописите на “Access” програмата, како и на СОУ “Коста Сусинов”, Радовиш, а се разбира тие се заштитени во однос на нивната безбедност и добросостојба на онлајн часовите, како и за време на останатите активности. Исто така мора да имаат лекарска потврда и патничко осигурување за организираните екскурзии, патувања и кампови.

Организаторите на програмата редовно се известувани за реализацијата на сите активности од страна на професорите одговорни за програмата.

**Реализирани активности во првото полугодие од учебната 2021/22**

Програмата “Access” започна да се реализира во нашето училиште во октомври, 2020.
Професорките по англиски јазик Катерина Сусинова и Наташа Спасевска, се одговорни за реализација на активностите од програмата. Во програмата има вклучено 25 ученици.

Сите ученици имаат потпишано договор за соработка и учество во програмата, а нивните родители имаат потпишано согласност за учество на нивното дете во програмата, како и согласност за фотографирање на нивното дете за целите на програмата, при одржување на часовите и активностите поврзани со програмата.

Оваа година часовите и активностите од програмата започнаа да се реализираат во месец септември, 2021.

Во оваа учебна година учениците беа вклучени во вкупно 170 часови, некои од нив беа онлајн часови, а повеќето беа реализирани како вон-наставни активности, како на пример:

-Квиз (американски и македонски државни празници);
-Средба со координаторот на проектот и претставникот на американската амбасада – запознавање во живо, размена на мислења и презентација на интересни факти за САД;
-Виртуелна тура на зградата на Собранието на Р.С. Македонија и Капитол на САД;
-Биди креативен! – Работилница за изработка на постери на теми од американската култура и историја, како и презентација на изработките;
-Забава за Halloween;
-Посета на Скопје – Тим билдинг активности: гледање филм во кино и куглање;
-Одбележување на Светскиот ден на љубезноста (13 ноември) –Добротворен настан: донирање облека во Црвен Крст;
-Учество во еко активност со собирање и рециклирање на отпад (шишиња, хартија) и изработка на Еко постери
-Гледање театарска претстава и вечера во ресторан по повод Денот на благодарноста
-Работилница со Црвен Крст – Болести на зависност
-Пречек на Access групата на ученици и професори од Велес – размена на искуства и учество во заедничка активност, како и прошетка низ Радовиш
-Работилница за правење божиќни украси и Божиќен пазар – хуманитарен настан
-Организација на интерактивни работилници заедно со ученици од деветтите одделенија од основните училишта во нашата општина;
-Основање на Клуб за англиска литература;

- Работилници за Медиумска писменост;
- Посета на “Access” групата од Велес;
- Велигденски игри;
- Средба со сите Аксес групи, во Кочани;
- Активности за Училишниот отворен ден;
- Презентација на проектот пред локалната телевизија.

Извештајот го подготвија:

Наставник Катерина Сусинова
Наставник Наташа Спасевска

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СОУ „КОСТА СУСИНОВ”, РАДОВИШ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО“ ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022

Во склоп на проектот Мултиетничка интеграција во образованието беа реализирани повеќе активност:

На ден 06.04.2022 група ученици од од СОУ „Коста Сусинов“ кои реализираат настава на македонски и турски наставен јазик беа на организирана посета на неколку значајни места во Скопје. Оваа организирана посета е прва од повеќето планирани активности поддржани со грант од Министерството за образование и наука за заеднички ученички активности. Целта на овие активности е да се овозможи равој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата помеѓу учениците.Учениците посетија повеќе значајни места во Стара скопска чаршија, почнувајќи од црквата „Св.Димитриј“ и „Даут-Пашин амам“ (стар амам) каде е сместена „Националната галерија“. Потоа го посетија „Сули ан“ кој се наоѓа во внатрешноста на Старата скопска чаршија и кој претставува седиште на „Ликовната академија“. Учениците продолжија кон „Мустафа-Пашината џамија“ и „Скопската тврдина – Кале“ каде имаа можност да се фотографираат и да уживаат во прекрасниот поглед на градот Скопје. Учениците имаа можност да ја посетат и црквата „Св. Спас“ – која претставува споменик на културата и место каде се наоѓа гробот на македонскиот револуционер Гоце Делчев. Потоа учениците имаа слободно време за прошетка низ плоштадот „Македонија“ и „Градскиот трговски центар“, како и новиот трговски центар „East Gate Mall“.

На ден 02.06.2022 ученицит вклучени во истиот проект беа на организирана посета на неколку значајни места во Струмица. Учениците го посетија манастирот „Св. Богородица Елеуса“ во село Вељуса, манастирскиот комплекс „Св. Леонтиј“ во село Водоча. Потоа продолжија кон источниот дел на градот Струмица каде ги посетија „Орта Џамија“ и комплексот цркви постевени на „Св. Петанесет Тивериополски Свештеномаченици“ каде што се наоѓа чудотворната икона „Пресвета Богородица Брзопослушница“ која е донесена од светогорскиот манастир „Дохијар“ на 12. март 2017 година.

Одговорни наставници: Славица Атанасова, Борче Алексов

**Извештај од релизирани активности во склоп на проектот “Младите за децата” во учебната 2021/2022**

Проектот „Младите за децата“ се спроведува во период јули 2021 – март 2022 од страна на Центарот за човекови права и разрешување конфликти во соработка со Бирото за развој на образованието, Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје и СОУ „Коста Сусинов“ Радовиш.

Целта на проектот е да произлезат интересни креативни продукти наменети за најмладите. Исто така самиот процес на нивно создавање од страна на учениците ќе биде одличен пример за социјално-хуманитарна работа низ конструктивна соработка на младите.

Проектните активности се одвиваат во два тима по 10 ученици кои поминаа соодветни обуки, а потоа заеднички развивија креативни материјали наменети за деца од предучилишна возраст.

| ***АКТИВНОСТИ ВО ПРОЕКТОТ „МЛАДИТЕ ЗА ДЕЦАТА“*** | **Предвиден тек по месеци** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2021** | | | | **2022** | | |
| | **09** | **10** | **11** | **12** | **01** | **02** | **03** |
| **1. Формирање тимови за учество** | X | | | | | | |
| **2. Две обуки (**2+3 дена)<br>. | X | X | X | | | | |
| **3. Изработување едукативни продукти**<br>- **Друштвена игра**<br>- **Физичка активност (вежби)** | | X | X | X | | | |
| **4. Професионално финализирање на едукативните продукти** | | | | | X | X | |
| **5. Презентирање на едукативните продукти пред градинки** | | | | | | X | |

Секој тим ученици го водеше по еден наставник-координатор:

Кирил Чапов Љупче Атанасов.

Извештајот го подготвија:

Наставник Кирил Чапов<br>
Наставник Љупче Атанасов

Годишен Извештај

од работата на СУ при СОУ “Коста Сусинов” Радовиш

во учебната 2021/22 година

Средношколската Унија претставува такво тело во рамките на училиштето кое ја признава и авторизира можноста на учениците да ги претставуваат нивните идеи, размислувања, знаења и искуства преку образованието, со цел да го подобрат нивното училиште. На овој начин им се овозможува на учениците да станат активни учесници во образовната заедница, како и да донесуваат одлуки за начинот на кој учат и начинот на кој се оценува нивното знаење, односно да донесуваат одлуки  на училишно ниво кои имаат директно влијание врз нив.

Средношколската Унија или Ученичката заедница при СОУ “Коста Сусинов” Радовиш започна со својата работа уште од самиот почеток на годината. Избраните претставници од сите паралелки од прва, втора, трета и четврта година се состануваа редовно и активно работеа на нивните задачи за постигнување на целите предвидени со програма за работа на СУ. Учениците редовно и уредно водеа записници од одржаните состаноци кои ги прикачуваа во нивната фејсбук група и на веб страната на училиштето.

Во текот на првото полугодие ги реализираа следните активности:

- Избор на лица-претставници на генерацијата за прва, втора, трета и четврта година и избор на претставник за стручното образование,
- Избор на администратор (лице задолжено за објавување на податоците на веб страната на училиштето како и ажурирање на базата на податоци на ФБ групата на СУ
- Формирање на тимови за

- Хуманитарни акции;
- организирање на настани и забави;
- следење на воспитно-образовната работа во училиштето

- Избор на претставници на ученичката иницијатива,
- Избор на претседател на СУ
- Разгледување и дополнување на Годишната програма на СУ
- Разгледување и дополнување на Кодексот на однесување на учениците во училиштето и училишниот двор,
- Формирање на тим од претставници за промоција на училиштето
- Решавање тековни проблеми на пр. меѓуврсничко учење, одредување соба за релаксирање кога учениците имаат слободен час,
- Аплицирање на проект “Младите можат” – финансиран и поддржан од невладината организација YOUth can
- Организирање на “Social Day” – посета на рудникот Бучим Радовиш
- Соработка со “Црвен Крст” од Радовиш – организирање на трибина на тема “Болести на зависност кај младите”
- Давање иницијатива и почеток на организација за отворање на училишни клубови

- Организирање активност за подигнување на свесноста  и воспоставување на правила за пушењето

Во текот на второто полугодие учениците ги реализираа следните активности:

- Ги отворија училишните клубови по англиски јазик, информатика, спорт и математика, како и шаховскиот клуб и зедоа активно учество во истите;
- Извршија набавки на интерсен материјал како на пример фотелји, стикери, шаховски табли и др од грантот од проектот “Младите можат” – финансиран и поддржан од невладината организација YOUth can;
- Аплицираа на проектот Најгласни поддржан од LEAD и KONRAD фондациите, посетуваа обука организирана од нив и беа избрани за една од трите најуспешни Ученички заедници во нашата држава со награда од 10000,00 денари;
- Во периодот од 29-31 март 2022 години, претставници на Средношколската унија при СОУ “Коста Сусинов” Деница Трајанова, Симон Пранговски и Дарко Тодоров, сите од II година гимназиско образование, под менторство на наст.Наташа Спасевска, престојуваа во Собранието на РСМ во Скопје и хотел Романтик во Велес, поддржани од  Фондација Конрад Аденауер и LEAD Лидери за едукација, активизам и развој. Учениците, пред тимови од вкупно седум гласни ученички заедници и професионална трichлена комисија, го претставија нашето училиште и целокупната работа на Ученичката заедница или нашата Средношколска унија во него. Исто така ја презентираа и нивната иницијатива за активност и во дружба со другите ученици од нашата држава, нашите ученици се стекнаа со нови пријатели и искуства, разбраа како работат другите УЗ и во иднина ќе се трудат да имплементираат нови и корисни практики во нашето училиште и нашата УЗ.
- Итите ученици подоцна реализираа дисеминација или споделување на стекнатите знаења во врска со инструкциите за демократско работење на ученичките заедници, со другите ученици во училиштето;
- Поставија кутии за жалби и поплаки во холот на училиштето, и идеите во нив се дискутираа на состаноците на СУ со цел подобрување на целокупниот воспитнообразовен процес;
- Сите претставници на СУ даваа идеи и се организираа меѓу нив за учество на детскиот карневал кој се одржа во мај во Радовиш;
- Дадоа голем придонес на отворениот ден на училиштето на кој ја претставија работата на СУ во текот на изминатата учебна година;

Одговорен ментор на СУ при СОУ Коста Сусинов Радовиш за оваа учебна година беше наставник Наташа Спасевска.
Претседател на СУ при СОУ Коста Сусинов Радовиш за оваа учебна година беше ученикот во III-1 клас Матеј Филипов.
Записничар на состаноците на СУ при СОУ Коста Сусинов Радовиш за оваа учебна година беше ученикот во III-1 клас Панче Гогов.

**ИЗВЕШТАЈ**
**Од**
**Самоевалуација на училиштето за период 2019-21 година**
**За СОУ ,,Коста Сусинов” -Радовиш**

Согласно член 29-а од Законот за средно образование, според Правилникот за начинот и подрачјата за вршење на самоевалуација на средните училишта донесен од страна на МОН, и по предлог на Директорот Гоце Лазаров, Училишниот одбор при СОУ „ Коста Сусинов “- Радовиш, ја формира училишната комисија која изготви извештај за извршената самоевалуација за периодот 2019-21 година, со предлог мерки за подобрување на работата на училиштето во следните години. Комисијата работеше во следниот состав:

1. Наташа Спасевска – наставник по англиски јазик, главен координатор на самоевалуацијата,
2. Славе Трајанов – наставник по биологија, координатор на Подрачје 1,
3. Билјана Јованова – наставник по математика, координатор на Подрачје 2,
4. Жаклина Стојменова – наставник по хемија, координатор на Подрачје 3,
5. Виолета Србакова – училишен психолог, коррдинатор на Подрачје 4,
6. Јовица Илиќ – наставник по филозофија, координатор на Подрачје 5,
7. Славица Атанасова – наставник по информатика, координатор на Подрачје 6,
8. Василка Митева – наставник по информатика, координатор на Подрачје 7.

Целта на самоевалуацијата во која учествуваат сите релевантни субјекти е да се воспостави систем за перманентно следење и оценување, со што ќе се подобри квалитетот во наставата и во работата на училиштето во целина. Добиените резултати и сознанија од процесот на самоевалуација, имаат двојна намена:

- Како прво, тие треба да се достават до надлежните тела и институции (Училишен одбор, Совет на родители, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат, Секторот за образование при општината каде функционира училиштето),
- а од друга страна се добра основа за преземање конкретни активности при изготвување на Развојната програма за работа на училиштето за наредниот периодод 4 учебни години.

Самоевалуацијата претставува процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на работата во една воспитно-образовна институција како што е средното училиште, со цел унапредување и обезбедување повисок квалитет на истата.

**Подрачје1.Наставни планови и програми**
**Клучни јаки страни**
- достапни наставни планови и програми за наставниот кадар;
- слободен избор на предмети и подрачја кои учениците ги изучуваат;
- изготвени годишни глобални и тематски планови;

- проектните активности подеднакво ги реализираат сите ученици
- воведување и усовршување на определени истражувачки техники, методи и изготвување на проекти во функција на задоволување на индивидуални едукативни потреби.

**Слабости**

- недоволна соработка со локалната заедница и социјалните партнери;
- потешкотии во изготвување на годишниот план и програма за деца со пречки во развојот, поради немање на соодветна категоризација.

**Подрачје бр.2 Постигнувања на учениците**

**Клучни јаки страни**

- Наставниците ги мотивираат и поттикнуваат талентираните ученици да учествуваат на натпревари, а тоа резултира со стекнување на награди на општински, регионален и државен натпревар.
- Класниот раководител во соработка со педагошко – психолошката служба редовно и навремено превзема соодветни педагошки мерки, советувања, разговори со учениците кои покажуваат слаб успех и нередовно ја посетуваат наставата.
- Постои отворена соработка меѓу наставниците и учениците, наставниците помагаат, даваат совети за извесни потешкотии со кои се соочуваат учениците, што значи, покрај образовната, се посветува доволно внимание и на воспитната дејност.
- Се реализираат доволен број на часови во додатна настава, каде што учениците имаат можност да го дополнат и прошират своето знаење. Се организираат и секции по повеќе предмети.
- Учениците редовно се информирани за својот напредок од својот класен раководител и предметен наставник.
- Нема голема разлика во постигањата на учениците од полова и етничка припадност.
- Се намалува бројот на ученици кои ја повторуваат учебната година.
- На часовите за дополнителна настава, наставниците ги упатуваат учениците кои покажале слаб успех или имаат потешкотии во учењето.
- Наставниците нудат можност за реализирање на дополнителна настава за учениците со потешкотии во учењето. Најчесто тоа се случува по потреба, пред тематско писмено или усно утврдување или пред крајот на учебната година.
- Се спроведуваат исти критериуми за оценување во секоја паралелка, без оглед на етничката припадност на учениците, но понекогаш тоа е невозможно да се применува, заради различната структура на учениците во однос на нивните способности и претходно стекнатите знаења.

**Слабости :**

- Се намалува бројот на запишани ученици.
- Не секогаш успешно се одржуваат часовите по дополнителна настава. Иако наставниците имаат законска обврска тоа го сторат, во тој дел тие ги почитуваат тие задолженија, учениците со слаба оцена се упатени на дополнителна настава, но повратната реакција од учениците, нивната

незаинересираност за подобрување на стекнатите знаења и поправање на слабиот успех, не им дозволува тоа да го завршат во целост, односно не се одржува тој дополнителен час. Понекогаш наставникот и ученикот не можат да одржат дополнителен час, затоа што ученикот е секој ден со седум часа е една од причините или пак е обврзан со превоз па мора да замине по завршувањето на часовите од неговата смена.
- Наставниците се изјасниле дека се забележуваат учениците со ПОП, па секој индивидуално, по свое увидување, креативност, стекнати информации, работат со овие ученици, без посебна изготвена програма.
- Да се прошири изборот на секции, учениците да имаат можност да посетуваат секција по речиси секој предмет
- Родителите се често незаинтересирани, ретко присуствуваат на родителски средби.

**Подрачје:3. Учење и настава**
**Клучни јаки страни**

- Со примена на компјутерската техника и интернетот во денешно време е овозможена изработка на поквалитетни НПП
- Разновидност на адекватни форми и методи во едукативниот процес во наставата како и различни форми на интеракција со учениците за поголеми резултати во наставата;
- Перманентно информирање на родителите за постигнатите резултати за напредок на учениците со евидентните листови на тромесечије, полугодие, а на крај на учебната година со свидетелства за успешно завршено образование.
- Вклучување на секој наставник во ЕКО –проектот со соодветни теми од областа на екологијата и вметнување на истата во наставните програми;
- Водење на портфолио за секој ученик од страна на секој наставник,преку кое родителот има увид во работата на својот ученик;
- Не постои дискриминација по ниеден основ – полова, етничка, верска, социјална итн.
- Учениците се подложени на исти критериуми при оценувањето.

**Слабости :**
- Недоволно учество на наставниците во изготвувањето на наставните програми и планови како директни реализатори на истите, со чиј придонес би се зголемил квалитетот на едукативниот процес со содржини што се поконкретни и порационални.
- Недостаток на иницијативи за промени на наставни програми
- Нема голема активност на секциите во училиштето.
- Нема анализа од следење на планирањата
- Нема анализа на посетените наставни часови од страна на стручната служба и повратни информации до секој наставник
- Нема записници од стручните активи.

**Подрачје 4. Поддршка на учениците**
**Клучни јаки страни**

- Училиштето остварува континуирана соработка со дел од институциите кои ни нудат стручна помош и поддршка за непречен развој на нашите ученици.
- Зголемен интерес за вклученост и соработка на родителите и нивните училишни органи во активностите на училиштето.
- Чувство на пријатност и правичност имаат голем број на наши ученици додека се во училиштето. Училиштето создава здрава клима за нивна социјализација и развој.
- Во училиштето наставата се изведува на македонски и турски наставен јазик и нема облици на верска и национална нетрпеливост и поделеност.
- Училиштето во континуитет се вклучува во проекти со цел да ја подобри инклузивноста и интеграцијата на учениците и вработените.

**Слабости**

- Во пракса нема систематизирана наставна програма за деца со посебни образовни потреби и универзален образец за конкретен вид и степен на попреченост според кои би можеле да изработуваат индивидуален образовен план.
- Во училиштето има потреба од вклученост на дефектолог и други стручни лица за обука, за стекнување вештини и методи за работа со лица со пречки во развојот
- Во услови на пандемија и настава на далечина се забележува тенденција на опаѓање на поврзаноста меѓу учениците од една страна и наставниот кадар и стручната служба од друга страна, во однос на грижата за емоционалното и физичко здравје на учениците;

**Подрачје: 5. Училишна клима (етос)**
**Клучни јаки страни**

- Учениците постигнуваат одлични резултати на локално, регионално и државно ниво на сите натпревари;
- Достапност на податоци и информации;
- Психолошко педагошката служба се справува со проблемите на учениците;
- Не постојат етнички тензии во училиштето;
- Постои добра промоција на училиштето на социјалните мрежи и веб страната, како и на медиумите,
- Постои взаемна почит меѓу наставниците и учениците,
- Учениците во најголем дел се запознаени и го почитуваат кодексот на однесување,
- Вработените се задоволни од раководењето и управувањето во училиштето,
- Постои соработка на училиштето со родителите и одборот на родители

- Голем дел од родителите се запознаени со целосната работа на училиштето, и се заинтересирани за соработка, се интересираат за напредокот на своите деца, доаѓаат во училиштето и прашуваат.

**Слабости**

- Родителите на учениците учествуваат во работата и тековните проблеми на училиштето само преку: Училишен одбор, Советот на родители и родителски средби, меѓутоа речиси никогаш не преземаат самоиницијативни активности и не се вклучуваат во вonнаставните активности на учениците.
- Постои и добар дел на родители кои ретко, речиси никогаш не се интересираат за успехот на своите деца и затоа и не се запознаени за работата на училиштето, не соработуваат. Тоа се најчесто родителите на учениците кои имаат слаб успех, незадоволително поведение, многу изостануваат од настава и се недисциплинирани.
- Дел од вработените во училиштето не се целосно запознаени со училишната политика
- Недоволна вклученост на учениците во донесување на одлуки поврзани со работата на училиштето
- Не се преземаат доволно мерки за оние кои се склони кон пушење цигари пред училиштето.

**Подрачје: 6. Ресурси**

**Клучни јаки страни**

- Одлична местоположба на училиштето
- Капацитетите оптимално искористениод сите членови на училиштето;
- Делумно реновирана училишна зграда;
- Пространи училници;
- Транспарентно финансиско работење;
- Постои заинтересираност за усовршување на наставниот кадар за обуки од најразлични области;
- Постојат ергономски (практични, безбедни и пријатни) просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците
- Училишната зграда и останатиот простор се пристапни за сите подеднакво
- Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците
- Следење на напредокот и постигањата на учениците и доделување на награди за нивните постигнувања;
- Во уилиштето работи наставен персонал со висока стручна подготовка и со соодветно работно искуство, и стручен, амбициозенкадар

**Слабости**

- Слаба соработка помеѓу вработените бидејќи половина од вработените делумно добиваат помош од поискусните колеги или педагошката служба
- Недоволна хигиена во училиштето

- Недостаток на печатачи, книги, енциклопедии, видео материјали и др. во електронски формат
- Недоволен фонд на книги, стручна литература и лектирни изданија на библиотеката;
- Делумно исполнети условите за изведување на настава според Нормативот во училиштето (вклучувајќи ја и салата за спорт и спортски активности)
- Постојат услови за реализирање на воннаставни активности но тие не можат да се реализираат бидејќи децата се во две смени, имаат по 7 часа и се ограничени временски поради превоз.
- Недостатоци за опременоста на училниците во кои учениците ја следат наставата (недоволна опременост на кабинетите, проекторот не работи, недостаток на опрема за вежбање во салата за спорт, повеќето компјутери не работат)
- Недостатоци во училишната инфраструктура (не се затвараат вратите во тоалетите, слаба Интернет врска, нема доволно хигиена, нема цртежи и хамери по ѕидовите, ладно е во кабинетите, расипани кваки, нечисти крпи за табла, недоволно добри тоалети, стара инфраструктура која треба да се реновира, нема училишна менза, застарените санитарни јазли).

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**
**Клучни јаки страни**

- Постои Статут на училиштето, училишна програма, правилници за: оценување, матура, систематизација;упатства за педагошки меркии организација на екскурзии;
- Развоен план за долгорочно планирање;
- Соодветен наставен кадар;
- Можноста турската етничка заедница да се школува на турскиот мајчин јазик;
- Правилник за наградување;
- Соработката меѓу сите видови нивоа на раководење( директор, УО, СР) ;

**Слабости**

- Недоволна информираност на родителите и наставниците за училишната политика
- Недоволна вклученост на родителите и учениците во креирање на училишната политика
- Слаба соработка на училиштето со локалната заедница
- Слаба соработка на училиштето со бизнис секторот
- Наставниот кадар секогаш има потреба од дополнителни обуки.

**ИЗВЕШТАЈ**
**од спроведената Самоевалуација за Меѓуетничка интеграција во образованието во СОУ Коста Сусинов**
**(декември 2021 година)**

Самоевалуацијата на училиштата има за цел да обезбеди увид во состојбата и напредувањето на училиштето во однос на меѓуетничката интеграција, низ перспективата на наставниците, учениците и родителите. Во таа смисла, на самоевалуацијата треба да се гледа како на средство што му овозможува на училиштето да развие стратегија за остварување на целите на меѓуетничката интеграција во образованието преку непосредно и активно учество на наставниците, учениците и родителите во текот на целиот процес – од идентификување на состојбата, па сè до креирање на плановите за подобрување на состојбата.

Со оглед на тоа што подобрувањето на меѓуетничката интеграција преку образованието вклучува активности што се реализираат со учениците и од страна на наставниците, на промени во атмосферата и опкружувањето во училиштето, како и на соработката на училиштето со родителите, со општината и со други училишта, од наставниците, учениците и родителите се очекува да ги вреднуваат состојбите и да го следат напредокот на училиштето во сите овие категории активности.

Самоевалуацијата се базира на задавање прашалник кој е подготвен така да на поголемиот дел од него може да одговараат сите три наведени групи учесници. Притоа, од нив се очекува:

* да ја вреднуваат состојбата во училиштето во поглед на меѓуетничката интеграција онака како што се перцепира дека е, и

* да ја проценат важноста и да ги искажат сопствените очекувања за тоа каква би требало да биде, односно каква би сакале да биде.

На тој начин се стекнува увид не само во тоа што сметаат учениците, наставниците и родителите за тоа колку нивното училиште придонесува за меѓуетничка интеграција во образованието, туку и за тоа колку тие мислат дека е важно да придонесува. Доколку се добијат ниски проценки на тоа каква е тековната состојба во училиштето, многу е јасно дека училиштето ќе треба да преземе нешто за да се смени тоа. Меѓутоа, доколку се добијат ниски проценки во поглед на важноста ситуацијата да биде поинаква, тогаш училиштето ќе треба да вложи и во подигање на свеста на наставниците, родителите и учениците за потребата од меѓуетничка интеграција преку образованието.

Секоја поголема добиена разлика меѓу актуелната и посакуваната состојба се смета за индикатор на можни проблеми во дадената категорија, на кои треба посебно да се работи, што може да се забележи во нашшата анализа кај индикаторот 4 за соработката со родителите, општината и други училишта, според мислењето на учениците.

Од друга страна пак, секоја посакувана состојба што се спушта под 3,5 укажува на недоволна сензитивност кај учесниците за потребата од преземање активности кои може да придонесат за подобрување на меѓуетничката интеграција

преку образованието, што се забележува во нашата анализа кај индикаторот 1 од страна на наставниците.

Исто така е важно, во оваа активност заеднички да учествуваат и наставниците и учениците и родителите, за да се избегне несоодветно припишување одговорност исклучиво според перцепцијата на присутните. Тоа ќе овозможи и родителите и учениците, а не само наставниците, да придонесат при воведување на промените.

Главната цел на оваа активност е да се откријат слабостите на кои треба да поработи училиштето за да придонесе за подобрување на меѓуетничката интеграција преку образованието. Во идентификувањето на слабостите многу сериозно треба да се земе предвид мислењето на учениците и родителите, со полно почитување на нивното гледиште како сосема легитимно и основано. Само тогаш учениците и родителите ќе се почувствуваат како вистински партнери во процесот на внесување промени, чии заложби може во голема мера да придонесат за успешна реализација на промените.

Во продолжение следува кратка анализа (подолга верзија е објавена на страната на училиштето www.kostasusinov.edu.mk на актуелната и посакуваната состојба според мислењето на наставниците, учениците и родителите во поглед на Меѓуетничката интеграција во нашето училиште, со цел надминување на слабите страни со стремеж и насока кон посакуваните ситуации во иднина.
Со прашалник за наставници беа анкетирани сите наставници во нашето уилиште или вкупно 60, од кои 58 од македонска и 2 од турска етничка припадност. Од нив пополнет прашалник доставија вкупно 50 наставници.

| Наставници | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | активностите на/со учениците во училиштето | активностите на наставниците во | атмосферата и опкружувањето | соработката со родителите/ општината/друг и училишта |
| | 1-16 | 17-28 | 29-38 | 39-47 |
| АКТУЕЛНО | 2.9 | 3.3 | 3.3 | 3.1 |
| ПОСАКУВАНО | 3.4 | 3.6 | 3.6 | 3.6 |




Од графиконот може да се заклучи дека наставниците се целосно свесни за актуелната состојба на меѓуетничката интеграција во образовниот процес во нашето училиште и имаат свое добро мислење за актуелната состојба на активностите на и со учениците, за активностите на наставниците во училиштето, за атмосферата и опкружувањето, како и за соработката со родителите, општината и други училишта. Вредностите на овие индикатори за актуелната состојба се движат између 2,5 и 3,5 и не се чувствува голем разлика или нема големо отскокнување во поглед на посакуваните вредности кои се движат од 3,0 до нешто малку на 3,5.

Со прашалник за ученици беа анкетирани вкупно 70 ученици од кои 55 од македонска и 15 од турска етничка припадност. Од нив пополнет прашалник доставија вкупно 62 ученици.

| Ученици | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | активностите на/со учениците во училиштето | активностите на наставниците во | атмосферата и опкружувањето | соработката со родителите/ општината/друг и училишта |
| | 1-16 | 17-28 | 29-38 | 39-47 |
| АКТУЕЛНО | 2.9 | 2.9 | 2.9 | 2.6 |
| ПОСАКУВАНО | 3.6 | 3.7 | 3.7 | 3.6 |




Од графиконот може да се заклучи дека и учениците се целосно свесни за актуелната состојба на меѓуетничката интеграција во образовниот процес во нашето училиште и имаат добро мислење за актуелната состојба на активностите на и со учениците, за активностите на наставниците во училиштето, за атмосферата и опкружувањето, како и за соработката со родителите, општината и други училишта. Вредностите на овие индикатори се движат између 2,5 и 3,0 што се генерално помали од вредностите кои тие ги посакуваат и кои се движат над 3,5.

Со прашалник за родители беа анкетирани вкупно 70 родители од кои 55 од македонска и 15 родители од турска етничка припадност. Од нив пополнет прашалник доставија вкупно 42 родители.

| Родители | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | активностите на/со учениците во училиштето | активностите на наставниците во училиштето | атмосферата и опкружувањето | соработката со родителите/ општината/други училишта |
| | 1-16 | 17-28 | 29-38 | 39-47 |
| АКТУЕЛНО | 3.0 | 3.3 | 3.3 | 3.2 |
| ПОСАКУВАНО | 3.7 | 3.8 | 3.8 | 3.8 |




Од графиконот може да се заклучи дека родителите се целосно свесни за актуелната состојба на меѓуетничката интеграција во образовниот процес во нашето училиште и имаат добро мислење за актуелната состојба на активностите на и со учениците, за активностите на наставниците во училиштето, за атмосферата и опкружувањето, како и за соработката со родителите, општината и други училишта. Вредностите на овие индикатори се движат између 3,0 и 3,5 што не се многу помали од посакуваните вредности кои се движат од 3,5 до 4,0 која е идеалната посакувана состојба што некаде и некогаш може да се достигне.

## ЗАКЛУЧОК

Од спроведената анализа на прашалниците за наставници, ученици и родители за Самоевалуација на меѓуетничката интеграција во нашето училиште може да се заклучи дека кај сите испитаници се појавуваат истите тврдења како слаби страни, односно се совпаѓаат нивните мислење во поглед на актуелната

ситуација. На нив понатаму треба да се обрати внимание и сите чинители да се стремат кон нивно надминување и подобрување, а тоа се следните тврдења:

1) Учениците со различна етничка припадност се дружат меѓу себе надвор од училиштето,
2) Учениците од различните значително застапени етнички заедници заеднички прославуваат, без оглед на тоа дали прославата е по некој заеднички повод (Новогодишна прослава, Ден на пролетта и сл.) или по некој повод што е значаен само за припадниците на одредена етничка/културна заедница (на пример, Бајрам, Велигден, Св. Кирил и Методиј, Ден на македонската револуционерна борба, Ден на албанското знаме, Меѓународен ден на Ромите, Ден на наставата на турски јазик и сл.).,
3) Наставниците користат најразлични средства во наставата за да го поттикнат учеството на учениците во животот на училиштето и заедницата на тој начин што ги охрабруваат учениците самостојно да мислат и да заклучуваат, да се организираат и да преземаат акции за внесување промени во нивниот живот во училиштето и заедницата.,
4) Наставниците видливо соработуваат за професионални и други потреби (како на пример, планирање на наставата, изработка на тестови, размена на наставни помагала и сл.) со наставници од друго училиште коишто изведуваат настава на друг јазик,
5) Во холовите и другите заеднички простори во училиштето подеднакво се изложени слики или текстови што се однесуваат на учениците од сите етнички заедници што се значително застапени во училиштето.,

6) Родителите од различните етнички заедници застапени во училиштето заеднички учествуваат во активностите на учениците (на пример, преку работа на проекти/секции, во спроведување акции, во подготовка и реализација на приредби/прослави или други настани и сл.).

СОУ,,КОСТА СУСИНОВ '' РАДОВИШ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

ЈУЛИ, 2022

Директорот како раководен орган, одговорен за законитоста во работењето во училиштето, функцијата ја извршува во интеракција со учениците, стручниот наставен кадар, административниот и технички персонал, родителите. Според определбите на МОН за унапредување на квалитетот на работата на училиштата, постојано се применуваат новите реформи со цел да се модернизира образовниот систем.

Директорот како носител на педагошкото раководење во училиштето, своите задачи ги остварува преку:

- проучување, анализирање, следење и унапредување на воспитно-образовниот процес;
- насочување на наставниците кон перманентно усовршување и подобрување на квалитетот на наставата;
- надзор и оценување на квалитетот на работата.

Содржините на педаошкото раководење се црпи од повеќе подрачја и тоа:

- концепциско – програмско;
- организација и следење на наставата;
- аналитичко – студиско преку следење на организацијата и реализацијата на воспитно- образовната и педагошката работа, обезбедување на транспарентност и информираност за работата на училиштето
- соработка во училиштето и надвор од него;
- работа со ученички организации;
- аналитичко истражувачко.

**Административно организаторска работа на директорот**

- распределба на задачите на поедини носители е направена во месец август и почеток на септември;
- распределбата на наставните предмети и задолженија во рамките на слободните училишни активности, структурните подрачја, наставните подрачја, работните тимови и комисии во текот на целата година;
- грижа за спроведување на куќниот ред во училиштето и кодексот на учениците и наставниците во училиштето во текот на целата година;
- свикани 16 седници на Наставнички совет и раководење со нив;
- увид во материјалното работење на училиштето.

Педагошко-инструктивното подрачје содржи работни задачи кои можат да се распределат во следниве делови:

- концепциско-програмски;
- организирање и следње на наставата со примена на ИКТ;

- следење на организацијата и релизацијата на воспитно-образовната и педагошка работа со инструменти за следење на наставата;
- следење на реализацијата од спроведените активности од Проектот за мултиетничка интеграција и Проектот за инклузивно образование;
- работа со наставници почетници  и одредување на нивни ментори;
- работа со стручните органи и тела;
- аналитичко- студиска работа;
- соработка со ученици преку разговори со претставници од класови и учество на состаноците и работата на нивните организации;
- обезбедување на транспарентност и информираност за работатана училиштето;
- поттикнување и подршка на програми за грижа и заштита на ученици (програма за професионална ориентација, програма за унапредување на здравје, програма за работа со надарени и талентирани ученици, програми за работа со ученици со потешкотии во развојот и др.);
- создавање на услови за пријатна и безбедна училишна клима;
- промовирање на постигањата на учениците и наставниците;
- спроведување на Развојниот план на училиштето;
- соработка со родителите, невладинии организации, медими, локална средина, институции и др.

***Оперативен план***

| Видови на активности | Време на реализација |
|---|---|
| Организирање и спроведување на државна матурата, училишна матура и завршен испит | ноември –август |
| Обезбедување на наставен кадар за организирање на наставта во новата учебна година | август |
| Распределба на наставни предмети, класни раководства  и задолженија по вработени | јули- август |
| Организирање и спроведување на уписот на ученици во I година и ученици во II, III и IVгодина | јуни- август<br>со комисија за упис и комисија за рангирање |
| Организирање и контролирање на изработката на распоред на часови | јули-август |
| Работа со стручните активи за педагошката евиденција | преку целата година<br>ангажирана училишна комисија за прегледување на педагошката |

| | |
|---|---|
| | евиденција и оценување во инструменрите за таа намена на почетокот на годината, на полугодие и на крајот од годината |
| Организирање и спроведување на наставнички совети, класни совети | преку целата година<br>одржани 14 Наставнички совети и 4 класни совети |
| Формирање на тимови за изработка на Извештајот од годишната работа на училиштето и Предлог годишна програма за работа на училиштето | мај |
| Организирање на родителски средби и отворен ден училиштето | преку целата година<br>организирани пет  редовни родителски средби |
| Работа со ЕКО одборот | преку целата година |
| Активности за зголемување на енергетската ефикасност | септември-октомври |
| Активности околу намалување на потрошувачката на вода | септември-октомври |
| Насоки за формирање на ученичките заедници и другите школски организации | септември-октомври |
| Следење и реализација на наставните програми | преку целата година |
| Увид во изготвените планирања на наставниците | преку целата година<br>оценување на планирањата на наставниците од страна на педагошката служба и директорот со користење на инструменти за таа намена |
| Организирање на активности за Патрониот празник | јануари-април<br>Планирање и организирање на прославата по повод патрониот празник |
| Подготовка и организирање на состаноци со Советот на родители | преку целата година<br>активна работа со Советот на родители со кои беа донесени и усвоени правилници, организиранање трибини, следење на работата на училиштето |
| Посета на наставни часови | преку целата година<br>според направен месечен распоред |
| Анализирање на редовноста на учениците и предлагање на мерки за | по секој маесец |

| | |
|---|---|
| подобрување | |
| Следење на реализацијата на Годишната програма | преку целата година |
| Изработка на Финансови планови | јануари |
| Консултативни средби со Средношколска унија и МАССУМ за унапредување на училиштето, градење на нов имиџ на училиштето | преку целата година |
| Увид и организирање на програмите за грижа за учениците | преку целата година |
| Активности за организирање на дополнителна и додатна настава | преку целата година |
| Контролирање на активностите околу спроведување на матурската вечер | април-мај<br>организирање на завршна прослава – матурска вечер |
| Организирање и реализација на поправни испити | јуни-август |
| Организација околу спроведување на Годишниот извештај | август |
| Соработка со УО | преку целата година |
| Формирање на УМК | септември |
| Организирање на еднодневен излет | септември и април |
| Организирање на екскурзии | преку целата година |
| Организирање на отворен ден за основците  и презентација на училиштето за идните ученици | април-мај |
| Организирање на презентација на училиштето на Училишен научен саем | март |
| Организирање и спроведување на процеесот на Самоевалуација | април- август |
| Планирање и спроведување на планот за јавни набавки | преку цела година |

Покрај горенаведените активности директорот ја следи и координира целокупната работа во училиштето и одговара на секоја друга обврска што ќе произлезе во текот на учебната година.

директор Гоце Лазаров

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ ЗА УЧЕБНАТА 2021/22 ГОДИНА

Во текот на учебната 2021/22 година психологот во склоп на работното време се води од сопствената програма за работа и од тековните потреби на работењето на училиштето и други владини и невладини институции и организации. Оваа учебна година се реализира по соодветни протоколи превидени за работа во услови на пандемија и настава со физичко присуство.

Продолжува со работни активности во склоп на МИМО (меѓуетничка интеграција на младите во образованието) на напредно ниво. Работи на следење на планирани активности, од страна на наставниците, поврзани со конкретниот активности.

Продолжува со учеството во Еко-тимот и дава свој придонес во планирање и реализација на активности, во рамките на училиштето и локалната заедница.

Дел е од училишниот Инклузивен тим, кој има своја нацрт програма за работа се со цел образовниот процес да биде достапен за сите лица независно од нивните индивидуални потреби. За прв пат во прва година има двајца ученика кои работат со образовен и личен асистент. За истите по претходни состаноци и разговори со наставниците (совет на паралелката) и родителите како и во консултации со дефектолог се изработени ПОП.

Работи и соработува со класните раководители и предметните наставници во сите сегменти на потребите на наставата. Врши проверка на годишните, тематските и дневните подготовки на наставните содржини. За увид и контрола на истите има изготвено интерни обрасци, врз основа на истите се изготвуват извештаи. Разменува стручни информации за континуирано подобрување на наставниот процес и за надминување на тековните проблеми, во рамките на работењето. По претходно објавен распоред изврши посета на наставни часови кај наставниците, од сите наставни години (гимназиско и стручно образование). По спроведените посети следат поединечни разговори со секој од наставниците се со цел да се зацврстат позитивните практики како и да се отстранат извесните неправилности.

Во согласност со Правилникот за изрекување на педагошки мерки и Интерниот правилник за работа а во соработка со класните раководители а некаде и по предлог од предметен наставник се испратени над 104 покани (по пошта) како и по пат на телефонски повик до родители/старатели на деца кои покажуват аномалии во поведението. Обично се работи за проблеми поврзани со нередовноста во наставата, облици на агресивност, неизвршување на училишни обврски и сл. Од секој разговор се води записник, кој на крајот го потпишуват учесниците на разговорот се со цел да се пронајдат причините, да се отстранат истите, да се корегира поведението т.е се делува воспитно. Според бројот на изостаноците, а во согласност со Статутот на училиштето, се изречени намалувања

на поведението со усни и писмени опомени од класен раководител , опомени пред отстранување од училиште како и отстранување поради континуирано отсуство од над 25 работни дена или поради недолично однесување. При спроведеување на постапката, се потешко ни се достапни родителите, поради нивно привремено отсуства од државата, а на нивно место доаѓат членови на поширокото семејство, кои имат послаб увид во движењето и животот на учениците. Во овој период разговорите се водени по протоколи, во отворени простори со дистанца и соодветна заштита се со цел да се преземат сите неопходни мерки за да се делува воспитно и да се сочува континуитетот на вклученост на родителот.

Планираните активности во согласност со Програмата за советување на родители се реализиани во соработка со класните раководители. Во тековната наставна година се започна со организирани советодавните средби преку платформата на Mc Teams после добиените резултати од првото тромесечие. За сите оние родители кои од било кои причини не успеваа да се вклучат им се нудеше можност да воспостават средба според протоколите за работа на училиштето во услови на пандемија. Учениците се опфаќаат во индивидуални советодавни разговори. Бројот на родители кои се опфатени е околу една петина од вкупниот број на ученици ,што е досега највисока бројка.

Се следи функционирањето на учениците со специфични потреби и потешкотии во совладувањето на училишните здачи, кои потешкотии се од различна природа (здраствена, интелектуални, емоционални, социо-економска и сл.).По претходен контак и согласност со родител се разговара како да се помогне на секој ученик, индивидуално, во зависност од проблематиката. При работата се користат соодветни техники во зависност од природата на проблемот , како што се интервјуто, соодветни тестови за личност,емотивна интелигенција,IQ и сл.

Учествува во работата на Наставничкио совет и дава свој допринос во неговото работење. Учествува и во работата на советите на паралелката и на годината, каде се дискутира за тековните состојби со поведението и успехот на учениците. Од состаноците на овие тела ги изготвува записниците и истите се објавуват на огласна табла.

Соработува со Средношколската унија и е спремен со стручни аспекти да допринесува во остварувањето на нивната програма за работа.

Во текот на оваа наставна година учествува на состаноци и консултативни разговори во склоп на проектот – „**Ученички иницијативи**", истата се реализира преку електронска платформа. Каде главен акцент е даден на иницијативи покрената од ученици и реализирани во соработка со наставниците по граганско образование. Како резултат на успешно спроведената активност училиштето е наградено со соодветни техничка опрема.

Проследена е обука на тема – „**Трговија со луѓе**", исто така преку електронска платформа. Истата е со цел едукативно да се делува во однос на

превенција од вакви појави. Со дел од ученици во четврта и трета годена е работено по оваа тема, преку видео записи т.е кратки документарни филмови по што следеа доста продуктивни дискусии.

Учествиува како гост-предавач на трибина на тема – „**Болести на зависност**”. Истата имаше солиден фидбек кај учениците и ја покажа потребат од информации произнесени од различни професионални лица, до младите луѓе. Реализацијата беше во склоп на проект а во соработка со Црвен Крст и МВР.

Како резултат на тековни настани се мапираше потреба од работилници на тема – **Булинг кај младите** . Истате се спроведе во периодот од првата половина на април во соработка со педагогот. Беа опфатени ученици од прва до трета година кои според педагошката евиденција покажуваат склоност кон ризични облици на однесување.

Соработува и со низа надворешни соработници за едукација или надминување на извесни проблеми во функционирањето на учениците (Црвен крст,ЦСР, МВР, Здравствени работници и сл.).

Соработува со Дневниот центар “Порака” - за лица со интелектуална попреченост ( каде сум во својтво на повекегодише волонтер и претседател). Како резултат на взаемна соработка, помеѓу училиштето, дневниот центар и Домот на културата е реализирана една несекојдневна театарска престава,под наслов „**Волшебникот и пријателите”**, наменета за граѓанството. Истата е со цел, да преку различни облици на соработка ги вклучи и тие лица во животот на ученици и училиштето.

Спроведе и планира неколку анкети и прашалници за интерни потреби на училиштето. Еден од прашалниците, која е спроведен и обработен е поврзан со изборот на матурски испит,наслов на проектна и планови за блиска иднина, кај учениците од завршните класови. Дел од податоците, кои се за ошта потреба, се објавени на огласна табла, на увид на наставниците.

Во соработка со педагогот се обработуват квартални, полугодишни извештаи за успехот и поведението на учиниците. Се пополнуват табели со податоци за потребите на МОН, БРО, ЕЛС и Заводот за статистика.

Работно е ангажиран во Комисии за следење и увид на педагошката документација и евиденција, е-дневник, испитни комисии и сл.

Издава потврди за редовни ученици како и согласности за ученици кои ги задоволуват критериумите за предвремено стекнување на возачка дозвола.

Во своеото работење работи и соработува и со останатите стручни соработници и работни тела, во рамките на училиштето.

училишен психолог

Јули 2022 Виолета Србакова

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.03.2022 ДО 31.05.2022**

МАРТ

- Запознавање со законските одредби и правилници за средно образование
- Запознавање со интерните акти на СОУ „Коста Сусинов“ – Радовиш.
- Запознавање со вработените, наставниците и класни раководители во СОУ „Коста Сусинов“.
- Запознавање со учениците од III-6 клас кои имаат изборен предмет педагогија и наставниот
 план и настаните содржини по предметот педагогија.
- Започнување со пристап и работа во Е-дневникот на СОУ „Коста Сусинов“
- Обавување на разговор со директорот и стручната служба на училиштето.
- Советодавна работа со ученици и родители кои покажуваат аоцијално однесување.
- Консултативна работа со наставници од прва и трета година околу проблеми со кои се соочуваат.
- Увид во навремено изрекување на педагошки мерки и регулирање во дневниците
- Организирање на работилница за Булин-врсничко насислтво заедно со психологот со ученици
 од прва, втора и трета година.
- Средување на педагошка евиденција и документација.
- Комплетирање на педагошка и наставничка документација за инспекциски надзор во однос на индивидуален образовен план ИОП за двајца ученици во прва година.
- Одржување на 2 часа неделно по педметот Педагогија во трета година
- Посета на 15 наставни часа.

АПРИЛ

- Активности поврзани со организација, распоред и приемн на проектни задачи на ученици од четврта година.
- Изработка на аналитички извештај за постигнатиот успех на учениците во прворо полугодие
- Одржување на 2 часа неделно по предметот педагогија во трета година
- Евидентирање на ученици кои постигнле слаб резултет по наставни предмети по класови и по бројот на слаби оценки.
- Средување на наставничка документација за наставници кои држат часови по предметот Содржини програмирани од училиштето за увид од инспекциски надзор.

- Средување на педагошка евиденција и документација.
- Консултативна работа со наставници од прва и трета година околу проблеми со кои се соочуваат.
- Советување со родтели чии деца имаат голем број слаби оценки и неоправдани изостаноци.
- Работа за време на штрајк на просветните работници во период од 11 до 28.04.2022 г.

MAJ
- Учество на работа на Наставнички совет
- Учество на Класни совети за трето тримесечје на училиштето
- Следење на успехот, оценувањето и редовност на учениците.
- Советување со родители чии деца имаат голем број слаби оценки и неоправдани изостаноци.
- Подготовка и изработка на Извештај за успехот на учениците постигнат во тертото тримесечје.

31.05.2022 педагог
Радовиш Златко Јанкулов

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ БИБЛИОТЕКАР 2021/2022

Библиотекарското работно место во училиштето се изведува со 20 наставни часа, од страна на четири библиотекари во двете смени.

Во текот на учебната година, библиотекарите ги реализираа содржините предвидени со Годишната програма.

Како редовна активност на почетокот на учебната година е и пребројувањето на лектирните изданија кои се на располагање на учениците. Вкупниот број на лектирен фонд изнесува 5708.

Библиотекарите во текот на наставната година ги реализираа предвидените активности од програмата за работа за учебната 2021/2022 година.
Училишната библиотека при СОУ,,Коста Сусинов''- Радовиш во првото полугодие од учебната 2021/2022 година согласно програмата за работа ги изврши следните активности:

- Во текот на месец август беше изготвена електронската и печатена документација за издавање на учебници на класните раководители и учениците;
- На почетокот од учебната година од страна на Комисијата за примопредавање на учебници составена од училишните библиотекари, им беа издадени сите потребни комплети учебници на учениците;
- На класните раководители издадени им се и Записници за примените учебници за вкупниот број на примени комплети по предмети во нивниот клас;
- На класните раководители им се доделени Изјави за состојбата на учебниците кои учениците треба да ја пополнат и да ја потпишат нивните родители;
- Од страна на училишната библиотека побарано е од активот по македонски јазик и литература да се достават списоци за лектирни изданија по година на изучување кои се обработуваат во текот на тековната учебна година;
- Во месец декември согласно зацртаната програма се изврши изготвување на полугодишен извештај за учебната 2021/2022;
- Во текот на првото полугодие од страна на училишната библиотека издадени се вкупно лектирни изданија:

- Во текот на месеците јануари и  февруари беае изработени полугодишниот извештај за работата на библиотеката, беа набавени лектирни изданија и друга стручна литература. Понатаму беше направен извештај за издадени лектирни наслови за четирите месеци од тековната учебна година, анализа на добиените резултати, превземање мерки за подобрување на состојбите.
- Во текот на месеците март и април се започна со подготовка на документацијата за враќање на учебниците од четирите години од средно обрзование;
- Во просториите на библиотеката беа реализирани секции од англискиот литературен клуиб, кои опфаќаа чтање и обработка на книжевни дела од англиуската литература;
- Во просториите на библиотеката беа реализирани работилници со учениците од деветтите одделенија со цел промовирање на нашето училиште;
- Во месец мај започна подготовката на документациајта за враќање на учебниците;
- Во месец јуни се реализира враќањето на учебниците од страна на учениците преку класните раководители;
- Месечен извештај за издадени лектири во мај.
- Средба со директорот за насоките на делување при враќањето на учебниците и утврдување на показатели на оштетеност;
- Беше направена нова нарачка на учебниц за наредната 2022/23 година преку Системот за електронска нарачка на учебници;
- Во текот на месец јуни беше изработен годишниот извештај за работата на библиотеката;

Библиотекарот работеше според однапред утврдената динамика и тоа задржувајќи се на следните појдовни точки:

- Опис и попис на библиотечниот фонд( компјутерска обработка);
- Воспитно-образовна работа во училиштето;
- Наставно-воспитен процес;
- Културно-јавна дејност;

- Соработка со наставниците, стрчните соработници, родителите и учениците;

Воспитно-образовната работа со учениците беше насочена кон:

- Планирање, развивање и насочување на интересот на учениците за книгите во согласност со нивните интереси и желби;
- Зачленување на учениците во библиотеката;
- Формирање навики кај учениците за внимателно користење, ракување, чување и заштита на библиотечниот материјал;

| година | прва | втора | трета | четврта |
|---|---|---|---|---|
| Издадени лектири | **158** | **530** | **345** | **424** |

По однос на години и пропорционално со бројот на ученици во секоја генерација, најмногу лектири се издадени на учениците од втора година, па потоа следат од трета, четврта, а најмалку кај учениците од прва година.

Јуни 2022 год.

училишен библиотекар,

Нина Железарска
Наташа Спасевска
Лили Ѓоргиева
Даниела Чачарова

СОУ,,КОСТА СУСИНОВ '' РАДОВИШ

# И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТАТА НА
НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ
ЗА НАСТАВНАТА 2021/2022 ГОДИНА

ЈУЛИ, 2022

АКЦИОНЕН ПЛАН НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ

Наставничкиот совет како стручен орган во училиштето ги има следниве надлежности:

- дава мислење по Предлог годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување;
- го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на другите стручни органи;
- го усвојува интерниот распоред за екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците;
- го разгледува Годишниот извештај за работа на наставниците и стручни соработници;
- дава мислење за напредување на наставниците и стручните соработници во училиштето;
- одобрува завршување на ученици две за една учебна година;
- го разгледува остварувањето на планот и програмата и презема мерки за нивно извршување;
- донесува одлуки по приговор за утврдени оценки;
- го разгленува Извештајот за извршен стручен надзор, предлага соодветни мерки;
- врши и други работи утврдени со закон и статут на училиштето

Извештај по месеци

| **Месец** | **Активности** |
|---|---|
| **септември** | **14.09.2021**<br>-Усвојување на записник од претходната седница<br>-Утврдување на моменталниот број на ученици во учебната 2021/2022<br>-Информации за систематски преглед на вработени<br>-Педагошки мерки<br>-Одлучување по барања<br>-Тековни прашања<br>**30.09.2021**<br>-Усвојување на записник од претходната седница<br>-Формирање комисии<br>-Педагошки мерки |
| **октомври** | / |
| **ноември** | **10.11.2021**<br>-Усвојување на записник од претходната седница<br>-Препораки за ученици за стипендии по Јавен конкурс на општина Радовиш |

| | |
|---|---|
| | -Класни совети<br>-Родителски средби<br>-Одлучување по барања<br>-Педагошки мерки |
| **декември** | **07.12.2021**<br>-Усвојување на записник од претходната седница<br>-Извештај од тромесечје<br>-Извештај од родителски средби<br>-Самоевалуација<br>-Педагошки мерки<br>-Одлучувње по барања<br>-Активности за промовирање на училиштето<br>**31.12.2021**<br>- Усвојување на записник од претходната седница<br>- Класни совети<br>- Соопштување на успехот и родителски средби<br>- Информации и избор н лице за БЗР<br>- Одлучување по брања<br>- Педагоки мерки |
| **јануари** | **28.01.2022**<br>-Усвојување на записник од претходната седница<br>-Утврдување на полугодишниот успех<br>-Усвојување на полугодишниот извештај<br>-Одлучување по барања<br>- Педагошки мерки |
| **февруари** | **08.02.2022**<br>- Усвојување на записник од претходната седница<br>- Предлог план за запишување на ученици во прва година во учебната 2022/2023<br>-Одлучување по барања<br>- Педагошки мерки |
| **март** | **25.03.2022**<br>-Усвојување на записник од претходната седница<br>- Одлучување по барања<br>- Педагошки мерки |
| **април** | / |
| **мај** | **03.05.2022**<br>- Усвојување на записник од претходната седница<br>- Предлог термини за класни совети<br>- Предлог термини за родителски средби<br>- Информации за упси на ученици во учебната 2022/2023<br>- Извештај од Самоевалуација за учебната 2019/2022 и 2020/2021<br>- Одлучување по барања<br>- Педагошки мерки |

| | |
|---|---|
| | **18.05.2022**<br>- Усвојување назаписник од претходната седница<br>- Информации за отворен ден<br>- Формирање на комисија за избор на ученик на генерација 2018/2022<br>- Формирање на комисии за ученик на годината<br>- Класни совети за IV година<br>- Одлучување по барања<br>**30.05.2022**<br>-Класни совети за I, II и III година<br>- Родителски средби за I, II и III година<br>- Одлучување по приговор (барање) од ученик<br>- Информации за упис за I година во учебната 2022/2023<br>Избор на нов член во Училишен одбор<br>-Одлучување по барања<br>-Педагошки мерки |
| **јуни** | **20.06.2022**<br>- Усвојување на записник од претходната седница<br>-Утврдување на успехот<br>-Утврдување на бројот на запишани ученици во првата година во првиот уписен рок (прво пријавување)<br>- Намалување на поените во стручно образование за прв уписен рок (второ пријавување)<br>- Иницјатива до Наставнички совет да се започне со постапка за реализирање на екскурзија со III година |
| **јули** | **04.07.2022**<br>- Усвојување на записник од претходната седница<br>-Утврдување на бројот на запишани ученици во прва година во прв уписен рок (второ и трето пријавување) и вкупен број на запишани ученици во прва година<br>-Запишување на ученици во II, III и IV година<br>-Избор и прогласување на ученик на генерацијата 2018-2022<br>-Избор на ученик на годината (за I, II и III година) |
| **август** | **15.08.2022**<br>- Усвојување на записник од претходната седница<br>- Извештај од Годишната програма 2021/2022<br>- Предлог годишна програма за работа на СОУ „Коста Сусинов“ – Радовиш за учебната 2022/2023<br>- Информации за фонд на часови<br>- Изготвување на распоред за учебната 2022/2023 |

СОУ „Коста Сусинов“-Радовиш

јули, 2022 год.

директор,

Гоце Лазаров

СОУ,,КОСТА СУСИНОВ ’’ РАДОВИШ

# ИЗВЕШТАЈ ОД  ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022

ЈУЛИ, 2022

Вовед :
Годишната програма за работа на Училишен одбор е усогласена со работата на Наставничкиот совет и Годишната програма на училиштето. Училишниот одбор работи во следен состав:

Нина Железарска – совет на наставници
Жаклина Стоименова - совет на наставници
Славица Ѓоргиева - совет на наставници
Даниела Ѓоргиева - совет на наставници

Силвана Бибовска - совет на родители
Наталија Дединец - совет на родители
Елена Пачемски - совет на родители

Роберт Донев – ЕЛС
Добре Мијалов – ЕЛС
Ѓорги Долдуров - ЕЛС

Персида Крстева - МОН

Во текот на учебната 2021/22 година Училишниот одбор реализираше активности во негова надлежност, согласно Деловникот за работа на УО, Законот за средно образование и Статутот на училиштето:

Август:
- подготовки за почетокот на новата учебна година;
- усвојување на Извештај за реализација на Годишната Програма на училиштето за учебната 2021/2022 година;
- верифицирање на мандати на нови членови на УО.

Октомври:
- усвојување на Предлог годишната програма на училиштето за учебната 2021/2022;
- усвојување на Годишен план за вработување за 2022 година;
- усвојување на Правилник за внатрешна организација на СОУ ‘Коста Сусинов” - Радовиш;
- избор на претседател на Училишен одбор;

- усвојување на Правилник за систематизација на работните места  во СОУ Коста Сусинов - Радовиш (нереализирана точка поради пандемијата со Ковид 19);
- одлучување по барања;

Ноември:
- менување и дополнување на Годишен план за јавни набавки за 2021 година на СОУ Коста Сусинов Радовиш;
- усвојување на Предлог Финансиски план за 2022 година
- усвоен Предлог годишен  финансиски план за 2021;
- одлучување по приговори од ученици;
- разгледување на извештајот од Локалната самоуправа во врска со Годишната програма на училиштето.

Декември:
- дополнување на Годишен план за јавни набавки за 2021 година;
- формирање пописна комисија;
- анкета за избор на за полагање на вид на матура;
- одлучувања по барања од надворешни соработници;
- извештај од завршна сметка од 2021.

Јануари:
- верифицирање на мандати на двајца нови членови во УО, претставници од локалната самоуправа (основачот;
- усвојување на Полугодишен извештај од работата на СОУ Коста СУсинов за учебната 2021/22 година;
- предлагање Годишен план за јавни набавки за 2022 година при СОУ “Коста Сусинов” Радовиш.

Февруари:
- усвојување на завршна сметка за 2021 година;
- разгледување на Предлог – статутот на СОУ Коста Сусинов, Радовиш;

Март:
- донесување на Статут на Средното општинско училиште “Коста Сусинов” Радовиш;
- дополнување на  Годишен план за јавни набавки во 2022;

Мај:

- одлучување по барања од граѓански здруженија
- одлучување по приговори од ученици;
- презентирање на Извештај од Самоевалуација за учебната 2019/22 година и 2020/21 година;
- информирање за  новиот Статут на училиштето;
- верифицирање на мандат на нов член во Училишен одбор, претставник од МОН;
- одлучување по барање од надворешните соработници;
- одлучување по барања од вработени;

Јуни
- верифицирање на мандат на нов член на Училишен одбор, претставник од редот на наставниците

Претседател
Нина Железарска